**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осмото продолжение на Сто дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 април 2006 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,01 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 128-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Зоран Крстевски, Љупчо Мешков, Андреј Жерновски, Соња Лепиткова, Аднан Ќахил, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Фазли Велиу, Рафис Алити, Агим Џелили, Хусеинџеват Хусеини, Мендух Тачи, Џевдет Насуфи, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Игор Ивановски, Коста Прешоски, Ванчо Ѓорѓиев, Рафет Муминовиќ и Абдулади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 12 - Предлог на автентично толкување на член 66 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните.**

Предлогот на автентичното толкување ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на автентичното толување.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на автентичното толкување и пред да го ставам на гласање, да провериме колку вкупно има пратеници.

Бидејќи има 31 присутен во Собранието, односно подигнати картички објавувам пауза до 11,30 часот.

(По паузата седницата продолжи во 11,32 часот)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Уште еднаш ги молам пратениците да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата).

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

61 пратеник сме присутни во салата.

(Џагор во салата)

Потивко ве молам, да се сослушаме.

Предлогот на автентичното толкување го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 пратеници прусутни, 59 гласале, 59 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе автентичното толкување на членот 66 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните.

Ве известувам дека имам допис од претставниците на Владата во врска со точката 9 и точката 10, дека не се во можност поради обврските, да присуствуваат. Затоа веднаш преминуваме на точката 13.

Господине Караџоски барате збор?

Повелете.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Сакам да предложам и барам поддршка од десет пратеници точката 14 по овој дневен ред да ја разгледуваме како точка 13, а 13-та точка да биде точка 14, само да го сменат редоследот.

Ова го барам заради тоа што точката 14 е онаа точка што се однесува на стечајните работници, тие се надвор ги исчекуваат резулттите и затоа мислам дека има приоритет таа точка да ја гледаме пред оваа.

**Љупчо Јордановски:** Дали има поддршка од 10 пратеници?

(Пратеници креваат рака.)

Има десет пратеници.

Предлогот на пратеникот Жарко Караџоски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

64 присутни, 57 гласале, 56 за, нема воздржани еден против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**Минуваме на точката 14 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон.**

Предлагачи се група пратеници.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на Законот.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓо Којзеклиска повелете.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, пред нас се наоѓа Предлогот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување поднесен од пратеничката група на ВРМО Народна партија. Сакам само да ви кажам дека овој наш Предлог за дополнување на Законот се однесува за додавање нов сатав после ставот 6, во членот 17, со што бараме следново:

"Осигуреникот стекнува право на пензија и кога ќе наполни 25 години ис таж, без оглед на годините на живот, доколку се стекнал со статус стечаен работник, согласно одредбите на Законот за стечај".

Со оваа одредба бараме, всушност, стечајните работници да се стекнат со право на пензија.

Верувам дека сите вие сте свесни за логичното образложение што ќе следи на ваквото барање за

стекнување на право на пензија на стечајните работници од следниве причини, стечајните работници кои имаат над 25 години стаж имаат и соодветен број на години, над 50, 55, 57, 59 години. Со она што е тренд во нашава држава, дека сите огласи за нови вработувања од страна на сите видови на работодавци е дека се бараат млади луѓе, дури и со посочување стриктно на бројот на годините, од 30 години до 35 години, укажуваат на фактот дека оваа категорија на луѓе која изработила 25 години од својот живот придонела во развивање на државата, во развивање на економијата на оваа држава, а сеуште, за жал, имаат нерешен статус. И никогаш, верувајте, нема да можат да најдат работа, затоа што каде и да се обратат, кај било кој работодавец, само кога ќе го видат човекот му велат, бидете сигурни во тоа, нам ни требаат млади кадри, нам ни требаат образовани кадри, кадри што допрва треба да придонесат во развојот на фирмата за која конкурираат. Значи, на било која врата овие стечајци, кај било кој работодавец да се обратат, секогаш верувајте го добиваат истиот одговор и за жал тие луѓе, од ова искуство што го имаме, сеуште се без егзистенција за своето семејство.

Република Македонија, почитувани колеги, веќе 15 години транзитираше. Многу ми е жал што морам да кажам, но ако го замислите бројот на годините и деновите ќе видите што значи тоа 15 години, 16-та година, транзиција, бројот на овие луѓе кои поради икс причини, најмногу поради тоа што фирмите отидоа во стечај согласно новите односи што владеат во економијата и она наследство што го имавме од претходното општество, дојдовме до ваква ситуација, односно доведе до ваква ситуација оваа бројка од над 6 илјади луѓе, можеби не е точна, можеби е и помала, но можеби и повеќе, меѓутоа верувајте дека останаа без сопствена егзистенција.

Од друга страна, ги имаме младите кадри кои ги продуцираат сите универзитети во Република Македонија, сите средни училишта во Република Македонија. Ние, вчера, почитувани колеги донесовме Национална стратегија за развој на образованието, каде што во наредните 10 години Република Македонија, согласно Болонските процеси треба да стане дел од европското семејство, барем во системот на образованието.

Сега, каде ќе се најдат овие луѓе кои имаат над 25 години стаж, кои се со нарушено здравје, после 25 години стаж, секако дека вие не сте истите луѓе кои сте биле пред 10 - 15 години, а континуираното барање работа и стресовите што ги доживуваат дополнително влијаат на нивното здравје. Така што единствено решение, согласно сите нормални стандарди или сите логични размислувања е дека овие луѓе, со над 25 години стаж, верувајте, треба да остварат или да се стекнат со право на пензија, за да можат барем остатокот од својот живот, колку и да изнесува тој го поминат нормално, ако може да се решенормално.

Стечајните работници, да не ве потсетувам, меѓутоа самите знаете преговараа многу време со Владата и со премиерот и со министерот за труд и социјална политика, блокираа институции, како што беа локалните самоуправи или советите на локалните самоуправи и тоа со денови, се со една цел конечно да го решат нивниот статус.

Сега, за да немаме понатамошни вакви блокади на институциите на државата, независно дали се однесува на локално или на државно ниво, за да можат луѓето конечно да си го решат статусот како што е нормално секаде во земјите, само што ние сме држава што веќе 16 години транзитира, од тие причини и идојдовме дојдовме до вакво дереџе во однос на овие луѓе, стечајните работници, за да во иднина се спречат сите исцрпувачки преговори што би се воделе со премиерот или со министерот за труд и социјална политика, со надлежните министерства, барам од вас, колеги, затоа што денеска, ние како Парламент имаме можност да им помогнеме на овие луѓе да го дадете својот глас за, за да можат овие луѓе конечно, барем една ноќ да преспијат мирно, со оглед на фактот дека една година штрајкуваа и беа повеќе на улиците отколку дома. Сигурно не од убавина, туку од мака, од тешкотија.

Сега сме ние тука тие кои можеме да им помогнеме и да им излеземе во пресрет за решавање на нивните проблеми. Затоа, почитувани колеги, се обраќам до сите вас, да дадете поддршка за Предлогот за дополнување на Законот и да можат стечајните, верувајте дека најмногу стечајните работници ќе ни бидат благодарни на сите нас, не само на ВРМО Народна како предлагачи, туку на сите останати пратеници од другите пратенички групи. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Макрадули повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз сака да им излезе во пресрет на барањата на стечајните работници и на овој предлог на Пратеничката група на ВРМО - Народна, но бидејќи како што во самото образложение вели дека се потребни финансиски средства од Буџетот, барам пауза од еден час да извршиме дополнителни консултации со предлагачот, да изнајдеме решение со кое што ќе може да излеземе во пресрет на стечајните работници.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Пауза до 13,00 часот.

По паузата седницата продолжи со работа во 13,03 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Господине Михајловски имате збор, повелете.

**Јордан Михајловски:** Благодарам господине претседателе,

Овој Предлог-закон предложен од пратеничката група на ВМРО-Народна партија е на некој начин израз на волјата на сите пратеници во Парламентот, бидејќи ќе потсетам дека по однос на овие социјални бранувања што ги имаше на македонската социјална сцена, зборувам за стечајците, на иницијатива на здруженијата на стечајните работници, сите пратенички партии покажаа добра волја и на 29 март се сретнаа во Парламентот разговараа со нив, во смисла да ги разберат нивните барања, а потоа да ги артикулираат и да ги преточат во еден соодветен закон.

Атрибутот политички мотив во предизборието, како што сакаше некој да го придодаде на овие социјални бранувања е излитена и провидна политичка анализа, веќе видена во вакви ситуации и сеење магла и заострување само на социјалните тензии.

Никој во нашето општество нема право да се повикува апстракно на својата ориентација, дали седи лево или десно во Парламентот и безусловно да се повикува на повисоките интереси на државата, изразени низ проекцијата на Буџетот и односите со ММФ, и други прифатени обврски, без притоа да ја почитува социјалната позиција на своите граѓани и стандарди кои сме ги изградиле самите, а не придонесуваме во нивно оживотворување во праксата. За тоа е случај токму социјалниот амбиент во нашата држава.

Излезна позиција околу која мораме да се согласиме сите, расправајќи по Предлог-законот и дополнување на овој закон за пензиско осигурување е општ консензус по ова отворено социјално прашање.

Уште на почетокот кога се формираа здруженијата на стечајните работници со седиште во Штип и Здружението на стечајните работници УНИТ од Куманово, Новата социјалдемократска партија застана зад нивните барања, што беше израз на програмската платформа во која е ставен акцент во решавањето на проблемите со невработеноста и социјалата во нашата држава.

Мора да признаеме дека со самиот чин на осамостојување на Република Македонија, почитувајќи ги објективните законитости и реалната социјална и општествена положба на граѓаните, предизвикана од трансформацијата на општествениот систем и општествениот капитал Република Македонија со Уставот се декларира како социјална држава.

Процесот на транзицијата остави најголеми лузни во сферата на социјалниот живот. Приватизацијата ја регрутираше голем број на граѓани кои по разни основи останаа, буквално на улица. Во тој број на невработени влегоа и лица кои по разни основи го изгубија статусот на вработени во овој период од 15 години.

Неспорно е дека државата во рамките на своите можности обезбедува соодветен паричен надоместок на оваа категорија на граѓани. Некои мерки, меѓутоа се покажаа како недоволни во услови кога можностите за вработување се намалени, а надоместокот не ги задоволува ни основвните егзистенционални потреби.

Надежта за повторно вработување на поголемиот дел стечајци, особено оние над 25 години работен стаж од 25-те загубари, но не и само на тие се изгуби во маратонскиот процес на продажба и рестартирање на капацитетите. Олово-цинковите рудници по повеќе неуспешни тендери, никако да се рестартираат, иако тука сакам да ставам забелешка на одредени субјективни слабости на одредени ресори во Владата, во смисла на водењето на тендерите и ефектуирањето на овие рудници.

Четири години се изгубија во овој процес, а од тоа нема никакви резултати. Поранешните работници се буквално на улица без никакви права и шанси за нови вработувања. На ограничениот македонски пазар на трудот селекцијата и конкуренцијата се безмилосни. Млади луѓе излегуваат од школски клупи и бараат место во општеството. Понудата е поголема од побарувачката. Никој не ангажира работници со над 20 и повеќе години работен стаж.

Барањата на оваа категорија на граѓани, на заедничката седница, како што реков што ја одржавме на 29 март за што сите се согласивме од сите политички партии, суштината за тоа што се согласивме беше изразена во следново: Сите оние кои навршиле стаж над 25 години, стечајци, да им се обезбеди соодветен материјален надоместок до пензионирање, односно до нивно повторно вработување. И тука сите се потпишавме во едно писмено барање до Министерството за финансии, да се направи една конструкција, да се види кои се можностите на Буџетот, која е реалноста на овие барања и на кој начин сето тоа да се стави во еден законски проект кој ќе ги задоволи овие барања. Тука се размислуваше и на ребалансот на Буџетот, меѓутоа, од 29 март кога го потпишавме барањето, гледаме дека нема никаква повратна информација од Министерството за финансии. Јас тоа купување на време ќе го ставам во наводници, иако не сум убеден дека е така, можеби се бараат функционални форми и можности, како тоа да се направи и гестот на координаторот на Пратеничката група на СДСМ, на господинот Јани Макрадули, ова што го направи денеска, го оценувам како позитивно. Тоа е фактички и методот по кој треба да работи Парламентот. Мислам дека беше добро што се прекина седницата, со цел да се поразговара со претставници од Владата и ресорното Министерство да се види кои се можностите на Буџетот и како сето тоа да се срочи во едно рационално решение.

На крајот, во овој момент сакам да го искажам ставот на Нова социјалдемократска партија. Нашиот став е целосна и безрезервна поддршка на барањата на стечајните работници, преточени во овој Предлог-закон и сметам дека тоа е

правиот излез во услови кога социјалната држава не може да најде други рационални решенија на оваа категорија на луѓе, кои не бараат милост, кои бараат вработување, а тешко се доаѓа до тоа. Мислам дека ова е барем некое социјално решение кое ќе обезбеди егзистенција на овие луѓе и ќе укине безнадежноста во нивните семејства.

Би сакал да додадам уште нешто. Видов еден амандман што е предложен од ВМРО-Народна партија, која предлага, мислам дека би се согласиле и сите други тука, предлага да се реши ова со ребалансот на Буџетот од септември. Би било добро да го чуеме ставот на парламентарното мнозинство и без нервоза, без популизам, без калкулации, сега во предизборието да се ставиме во функција на социјалата и барањето на овие граѓани. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Јас се согласувам да нема популизам, но тоа значи и да не ги спомнуваме своите партии.

Во текот на вашето излагање се јавија повеќе пратеници.

Кој е за реплика? (Нема)

Госпоѓо Поповска имате збор.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Пратениците на ДОМ ќе го поддржат овој закон и мислам дека не е срамно да се спомнат политички партии, затоа што ако сме претставници на политичките партии, кои што излегуваат пред граѓаните со одредени обврзувања, тогаш тоа е нормално во овој Парламент и да биде спомнато.

Значи, треба да се знае во име на кого се зборува. Кога се зборува во лично име, кога во име и на колегите од партијата.

Овој закон реков ќе го поддржиме, затоа што тој на одреден начин ќе ја намали несреќата на една армија несреќници. Несреќници кои што останаа без вина виновни, останаа без работа, без егзистенција, без можност за работа, што е нешто што му следува на секој човек. Инаку, оваа армија несреќници е на страната со некоку процеси во Македонија: Едниот е неправедната приватизација кога добивме армија работници кои што ги нарековме технолошки вишоци. Тогаш прв пат се измисли таа категорија. Втората армија, тоа се армија несреќници, настанати преку лажни стечајни постапки и тогаш ги добивме таканаречените стечајни работници и третиот процес, јас би рекла третиот грабеж беше и сеуште е, преку лажни странски инвестиции, кога повторно маса на луѓе остануваат измамени, како што беа тоа при божемните инвестиции во Бучим, во Злетово и каде се не, кога некој фантомски фирми, во договор со некој политичар, влегуваат во земјата, ветуваат инвестиции, ветуваат нови вработувања, а на крајот излегува само перење пари на страна, провизија за некој поединец и се завршува со тоа.

Се разбира, заеднички именител на сите овие процеси, грабежи, е всушност ќар за малку луѓе од политиката и од бизнисот, а несреќа и мака за стотици илјади.

Преку овој закон сметам дека ќе се обезбеди конечно достоинствено живеење на луѓето, кои што како што реков без вина виновни останаа на улица, затоа што процесите на транзиција што ја зафатија нашата земја се процеси кои што ги водеше државата преку своите влади. Така што, поради погрешните потези на владите, на луѓето од политиката, страдаа други луѓе граѓани. Цената на сето тоа ја плаќаат оние кои што не се виновни. И нема никаква логика, ни хумана, ни социјална, ни никаква, да ги оставате луѓето така и уште да им нудите дека еве, барајте си работа, ние ве оставаме без приходи за да ве стимулираме да барате работа. Мислам дека е тоа цинизам, мислам дека тоа е недозволиво и страшно е што толку години овие луѓе беа оставени на милост и немилост.

Преку овој закон очекувам да се обезбеди егзистенцијата на овие луѓе, со тоа што ќе може едноставно, мирно да ја чекаат староста и да не зависат од издржувањето на своите синови и ќерки, или некои подалечни роднини, затоа што има многу такви случаи.

Инаку, она што го бараат здруженијата на работници со над 25 години стаж, преку овој закон верувам дека ќе биде опфатено, но ќе биде опфатено и за други категории, кои што сега беа онеправдани. Само да потсетам, Здружението на работниците со над 25 години стаж, практично не бараат, дури се откажаа од многу други дополнителни бенефиции, кои што би требало да им следат, се откажаа и од осигурување и слично и надомест на неисплатени плати, само и само да добијат еден пристоен надомест од државата со кој што ќе можат да ја покријат егзистенцијата. Она што го велеа тие, а што верувам дека и преку овој закон ќе може да се стори, практично овие средства им се даваат на луѓето за да го оджиеват својот живот достоинствено, затоа што и државата нема целосно да ги изгуби овие средства. Ако ги глеаме буџетските импликации. Затоа што најголем дел од овие средства ќе се вратат повторно во државата преку исплата на сметки заостанати и разни други трошоци што овие луѓе армија несреќници што ги нареков, што ги имаат направено во изминатите години, кога беа оставени и без работа и без финансиски надомест. На тој начин, барем ќе можат да си ги исплатат сметките, да не треперат дека некој ќе им ја исклучи струјата, водата, или ќе доживеат други непријатности, а дел од средствата, се разбира, ќе остане и за пристојна егзистенција.

Значи, се на се пратениците на ДОМ го поддржуваат овој закон со надеж дека ќе им се олесни животот на голем број луѓе кои се засегнати од него. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Марјан Ѓорчев имате збор.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Пратениците од Земјоделската народна партија ќе гласаат за овој Предлог на закон за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Накратко ќе образложам зошто. Затоа што со овој закон, доколку го изгласаме во Законодавниот дом, ќе се постигне општествена праведност. Државата ќе покаже дека се грижи во делот на социјалата. Овој закон има економска логика и на крајот најважносто се обезбедува грижа за Македонецот, човек поединец и зачувување на семејните вредности. Од причина што, јас лично како стопанственик и како член на македонската администрација на локално ниво, на државно ниво, сум учествувал 13 години во овие процеси на реформа и овие луѓе со кои што ќе обезбедиме општествена правност како држава, не се виновни што македонската држава во овој реформски процес ја афирмираше максимата да се продадат или да се затворат македонските препријатија со општествен капитал. Овие луѓе се најголемото богатство во одреден период на создавањето на вредност, македонска, односно градење на тој нов вредносен систем и на ваков начин, уште еднаш ќе кажам, државата покажува дека е социјална држава, дека е праведна држава и дека се грижи за македонскиот човек и македонското семејство. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Ѓорѓиев повелете.

**Драган Ѓорѓиев:** Благодарам претседателе,

Јас сакам и во мое лично име и во име на Пратеничката група да го поддржам овој предлог за донесување на Закон за пензиско и инвалидско осигурување, во знак на поддршка на оние осигуреници кои што ќе можат со овие измени да стекнат право на пензија кога ќе наполнат 25 години стаж, без оглед на годините на живот, доколку се имаат стекнато со статус стечаен работник согласно одредбите од овој закон.

Ние сме сведоци дека многу фирми таа долга постапка во изминатите години во Република Македонија поголем дел од работниците имаа над 25 години стаж и неможност да се вклучат во други процеси и во други претпријатија на работа, затоа што и треба и потреба е на самите претпријатија да отвораат нови работни места за млади кадри и таа неможност кај луѓето едноставно, покажа дека нема решение за тие луѓе во сите овие изминати години.

Со овие измени се овозможува за овие лица едноставно да се помогне во насока да го остварат тоа право на пензија, а од друга страна се отвори можноста за нови вработувања за младите лица кои што чекаат на ред.

Сега, единствена дилема кај мене постои, која што треба да биде дополнително разгледана до завршување на претресот, односно укажувам на предлагачот да се води сметка во членот 1, таму каде што стои: "доколку се стекнал со статус стечаен работник", според мене треба да постои одредена дата, најдоцна до, на пример, 1.01.2007 година, или најдоцна до 1.09.2006 година, во насока на тоа, да нема злоупотреба после донесувањето на овој закон, да нема злупотреба во иднина, некои приватни претпријатија, кои што се со тројца или петтина вработени или десет вработени намерно да ја одведат фирмата во стечај и да не се стекнат со тоа право.

Доколку предлагачот согледал дека со Законот за стечај не е можно да дојде до таа ситуација, тогаш и не треба да има измени. Значи, во Законот за стечај доколку нема можност за злупотреба, во ред е да остане и така.

Еве тоа е моето укажување. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Топузова повелете имате збор.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе,

Сосема кратко, нема да одземам многу од времето, зашто мислам дека треба да бидеме концизни. Сакам да го искажам мојот став и ставот на Пратеничката група на Либерално-демократската партија. Многу е лесно од страна на опозициона партија да се поднесе еден ваков закон, а уште полесно е од претставници на сегашни опозициони партии, а претходно делот од парламентарното мнозинство, да имаме вакви популистички настапи и говори, со кои што ќе им се додворуваат на оваа група на граѓани и врз основа на нивната мака и судбина да ја градат својата политичка кариера.

Токму поради тоа јас нема да имам еден таков патетичен говор, туку само ќе кажам дека јас како дел од парламентарното мнозинство и мојата пратеничка група, кое што парламентарно мнозинство во овој случај е најодговорно за судбината не само на овие луѓе, туку воопшто за судбината на државата, ќе дадеме поддршка на овој закон, затоа што сметаме дека во одредена мера ќе придонесе на овие граѓани им донесе некоја материјална сигурност. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Митковска повелете.

**Милка Митковска:** Благодарам господине претседателе,

Безрезервно го поддржувам овој закон за дополнување на Законот за пензиско-инвалидско осигурување со Предлог на закон, бидејќи само на овој начин може да се исправи една огромна грешка направена врз една голема маса потполно невини граѓани, кои најпродуктивниот дел од својот живот го вградија во темелите на оваа демократска земја.

Тие со губењето на работните места, го изгубија и своето достоинство, кое сега треба да почуствуваме потреба да им го вратиме назад, заедно со нивната доверба во институциите на власта.

Знаеме што доведе до оваа работа, односно тоа е лошо избраниот модел за приватизација и предолгата транзиција. Верувам дека со овој закон ќе бидат опфатени најголемиот број, или сите засегнати со овие појави во општеството и дека и во иднина ќе се најдат модуси да бидат на некој начин згрижени и оние кои што не ги опфаќа овој закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Топузова.

**Роза Топузова-Каревска:** Врз основа на дискусијата на мојот колега, пратеничката група на Либерално-демократската партија, заради усогласувањето што тој го спомна во својата дискусија, бара пауза од еден час.

**Љупчо Јордановски:** За кој колега зборувате?

**Роза Топузова-Каревска:** За Драган Ѓорѓиев.

**Љупчо Јордановски:** Тогаш ќе продолжиме во 15,00 часот.

(Пауза до 15,00 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот).

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Господине Манев, имате збор, повелете.

**Ефтим Манев:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Во однос на поднесениот предлог за измени и дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го подржи овој предлог од следните причини.

Иако сме свесни дека во Република Македонија нема доволно средства за измените по овој предлог, кои ше дојдат по неговото усвојување до колку гласаат сите политички партии, а на овој чин не тера тоа што Република Македонија во изминатиот период од 1991 година до денес, со донесивањето на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал главно работникот е фрлаен надвор од сите игри на негов опстанок, сите претпријатија се продаваат и уништуваат на било кој начин, работниците се испраќаат во заводите или агенциите за вработување, што зборува дека денес има огромна маса на невработени луѓе пријавени во заводите, а исто така и стечајци кои никогаш нема да можат да успеат да се вратат на работа. Изгласувањето на овој закон и на наредниот што е на дневен ред ќе даде еден импулс на сегашниот или идниот парламент да обрне малку повеќе внимание на развојот на економијата во Република Македонија, односно на човекот, на граѓанинот за да може истиот да обезбеди сопствена егзистенција. Инаку, дос ега во прв план беше како да се земат одредени фирми во приватна сосптвеност од одредени граѓани, а работникот беше исклучиво фрлен на страна, без да се води било каква сметка за него, иако нашиот Устав предвидува дека Република Македонија е социјална држава. Во Уставот на Република Македонија стои дека секој граѓанин има подеднакви права за вработување, но за да го постигне сето тоа, највисокото законодавно тело, Парламентот, а исто така и Владата треба да ги создадат таквите услови за да може секој да се вработи и да има работа, а исто така со тоа да обезбеди сопствена егзистенција, а не никој за него да не води сметка. Неспорно е дека државата нема доволно пари, но треба да има доволно ум и разум за да може да им обезбедиме услови самите граѓани да си обезбедат работа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Петковски, имате збор.

**Тито Петковски:** Благодарам господине претседател.

Почитувани колеги, во прилог на подршка на законот, акцентирајќи го она што беше речено од моите колеги и колешки сакам да истакнам уште неколку аргументи. Македонската транзиција еве трае 15-16 години, необично долго како што впрочем никаде во земјите од Централна и Источна Европа и за тој период Македонија определувајќи се да гради социјална држава, мораше да направи посебна стратегија. Тоа не е доцна ниту сега да се направи, како ќе се справи со огромниот вишок на вработени кои се најдоа надвор од работните места во услови кога започна приватизацијата на општествениот и државниот капитал. За наша несреќа, токму оние луѓе вработени кои го создаваа тој општествен и државен капитал ја платија најголемата цена на транзицијата за сметка на оние кои ги приватизираа фирмите и сега се многу поспокојни. Огромен број од фирмите што се приватизираа, потпишувајќи го договорот за приватизацијата, преземаа и обврска за враќање на работниците, определена група работници или поточно определен број, на работните места, но ние сеуште како држава немаме информација за тоа, или барем како пратеници, поточно јас немам, а не знам дали некој од моите колеги дали има колку од тие обврски на фирмите кои ги приватизираа ги исполнија, дали го вратија тој број на работници за кои се обврзаа при приватизацијата и зошто во меѓувреме државата не предвиде механизам, олеснувања за фирмите кои ги презеле тие обврски да ги исполнат, односно да почнат работниците да се враќаат во тие фирми. Речено попрецизно, најдобро решение е секако луѓето да се вратат во фирмите од кои произлегле, таму се специјализирале, таму можат најмногу да пружат. Но веројатно заради отсуство на наша државна стратегија тоа не се случува.

Второ, Македонија во 2003 година, само да ве потсетам, потпиша или ја ратификува Социјалната Европска конвенција, социјална од причина што директно одеше во функција на амортизирање на незадоволството на огромниот број работници кои беа како последица на транзицијата принудени да ги напуштат работните места, во кои се обврзавме дека нема да оставиме семејство без пристојна егзистенција

или социјална сигурност. Сигурно тоа е процес, но исто така не знаеме што сме направиле за овие три години.

Сето тоа се аргументи кои одат во прилог на тезата дека овој закон треба да го донесеме и постепено да одиме во пресрет на исполнувањето на обврските кои како држава сме ги презеле и особено околу согледувањето на губитниците од транзицијата рамномерно, последиците да ги пренесеме на целокупното македонско општество.

Поради тоа, сметаме дека овој закон заслужува подоршка, како што исто така сметаме дека е потребно Македонија час поскоро да направи стратегија како натаму ќе ги решава останатите прашања во врска со транзицијата.Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по Предлогот на законот.

Објавувам пауза до 15,30 часот, бидејки амандманите заради една техничка грешка би требало да се искорегираат.

Продолжуваме во 15,30 часот.

(Пауза од 15,10 до 15,35 часот)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Молам, служебите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Благодарам, сега се присутни 69 пратеници.

На Собранието му предалгам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 64 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претрес и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 65 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Пред да поминам на претрес по текстот на Предлогот на законот, дали службите ги подготвија амандманите?

(Одговорот беше "сега ги носат").

Јас ќе добијам барем еден примерок и ќе ги прочитам амандманите.

Благодарам.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Предлагачите, пред да ги поделиме амандманите, поднесоа два амандмани и јас ќе ги прочитам.

"Амандман 1: во членот 1 текстот на новиот став се менув аи гласи:

"Осигуреникот стекнува право на пензија со најмалку наполнети 25 години стаж без оглед на годините на живото и кој се стекнал со статуот стечаен работник согласно одредбите од Законот за стечај ("Службен весник на Република Македонија" број 55/97, 55/2000, 37/2002 и 17/2004" до денот на влегувањето во сила на овој закон".

Тоа е амандманот 1.

"Амандман 2: членот 2 се менува и гласи:

"овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 септември 2006 година". Сите претходно доставени амандмани предлагачот ги повлекува.

Овие амандмани како предлог од предлагачите стануваат составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресопт по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 68 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точката 13 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓо Којзеклиска, повелете.

**Марија Којзеклсика:** Благодарам претседателе.

Овој закон предложен од страна на пратеничката група на ВМРО-Народна партија се однесува на невработените лица, и затоа што се состои од еден член имајте трпение да го прочитам. "На невработеното лице кое има над 25 години стаж на осигурување паричен надоместок му се исплаќа до неговото вработување, односно до настапувањето на некои од основите за престанок на правото на паричен надомест".

Ова решение кое го предлага мојата пратеничка група е всушност она решение кое постоеше во оснвониот Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност на членот 71 ставот 3, но во меѓувреме овој закон како и многу други закони претрпе низа измени и дополнувања, а дури пред два дена на пленарна седница беше последната измена на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Овој текст на законот на кој се однесува оваа измена, претходниот текст гласел, или измената од 17 јануари 2005 година, објавена во "Службен весник

на Република Македонија" број 4, тогашното решение било вакво: "на невработеното лице кое има над 15 години стаж на осигурување, а на кое му недостасуваат најмногу до 5 години пред исполнувањето на услови за стекнување на право на старосна пензија, паричниот надоместок му се исплатува до неговото вработување, односно до настапувањето на некои од основите за престанок на правото на паричен надоместок".

Овој закон почитувани пратеници се однесува на онаа категорија на технолошки вишок или невработени лица кои поради структурни и други промени во претпријатијата станале технолошки вишок или биле прогласени за технолошки вишок. Измените на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, последните, оние кои пред два дена минаа овде во Собранието, се однесуваат токму на делот или станаа составен дел на Законот, а се однесуваа на правата на осигурување, каде што ние го изменивме правото на пензиско и инвалидско осигурување во согласнос тсо прописите од Законот за пензиско и инвалидско осигурување и Предлогот кој беше од страна на Министерството за труд и социјална политика го опфаќаше она што беше предвидено со постојниот член 71 став 3, на кој ние предлагаме измена и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Значи онаа одредба која важи за право на паричен надоместок, согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, која мина на пленарната седница, ставена е во членот или беше изменет членот 64 ставот 1 точка 4.

Категоријата на лица кои се невработени, а кои се над 25 години стаж, значи лица технолошки вишок, сеуште не можат да го регулираат статусот и многу од нив го изгубиле правото на паричен надомест. Затоа, пратеничката група на ВМРО-Народна партија смета дека таков паричен надоместок на лице треба да му се исплаќа до неговото вработување или пак евентуално до настапување на некои од основите за престанок на правото на паричен надомест. Сметам дека тие луѓе, како што го донесовме и претходниот закон како категорија, значи покрај стечајците, и овие луѓе технолошки вишок се жртви на 16 годишната транзиција низ која минува Република Македонија, сите овие лица кои имаат над 25 години стаж минимум имаат 55 години старост и да сакаат да бидат некаде вработени, она што го зборував и за стечајните работници се однесува и за оваа категорија на луѓе, значи тие лица, верувајте, никој од вработените, од работодавците не размислува да ги вработи, не сака да ги вработи, затоа што објективно тие се постари луѓе и тие треба да вложат дополнителен труд за да можат да го постигнат она што може да го направи некое лице со помлади години на возраст, тоа се 30-30-тите години. Значи и оваа категорија останува на маргините и сега, истовремено нашиот Устав се декларира како социјален Устав или ние согласно Уставот се декларираме како социјална држава со социјално осигурување и еднаквост на сите лица кои не можат да бидат вработени во нормални услови. Од тие причини бараме овој закон да бид епдоржан од страна на парламентарното мнозинство, за да може и оваа категорија на луѓе да има едни нормални услови или нормални примања до нивното вработување, ако даде господ некој да ги вработи, илипак до настапувањето на некој од основите за престанок на правото, како што е исполнување на услови за старосна пензија или ја загуби работната спостобност и т.н.

Уште еднаш апелирам до колегите пратеници да го подржат овој закон, за да можеме и на оваа категорија невработени лица кои се над 25 години стаж, ќе повторам, а никој нема да сака да ги вработи, барам подршка за да можат и тие луѓе да бидат згрижени.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Има збор пратеникот Благородна Мингова Крепиева.

Повелете госпоѓо Крепиева.

**Благородна Мингова-Крепиева:** Благодарам потпретседателе.

Денес се исцрпивме можеби најмногу околу овие два закона, кои во суштина беа иницијатива на група стечајни работници кои имаат над 25 години работно искуство за решавање на нивниот проблем. Пред малку го донесовме Законот за измена и дополна на Законот за пензионирање, со што на оваа група работници им овозможивме користење на пензија со 25 години стаж без разлика на староста, односно годините на животот, со што најголем број на лица што се водат во Агенцијата за вработување ќе го решат овој проблем. Дел од нив веќе го решија и со Законот за продолжување, уште две години, за стекнување на пензија по старите услови и мислам дека ќе се работи веќе за помала бројка, за кои се залагаат нашите колеги од пратеничката група на ВМРО-Народна партија.

Но јас сакам само да кажамнеколку работи. Република Македонија има најдолг период на користење на надомест по основ на осигурување во случај на невработеност во однос на сите земји во регионот, а воопшто не сакам да ја споредувам Република Македонија со оние држави во Европската унија кои ова прашање го регулираат многу поинаку. Користењето на надомест во нашиот систем е врзан пред се за староста и стажот, а ние вчера направивме извесни измени во Законот за осигурување по основ на невработеност, имаме најмалку 15 години стаж за лицата кои тоа го немаат вчера донесовме Закон со кој им се обезбедува плаќање на тие дополнителни години, односно 5 години помалку. Во тој случај тој закон е поповолен во однос на ова што го предлага пратеничката група на ВМРО-Народна партија и мислам дека сегашните решенија се поповолни за користење на надоместок во овој период за жени од 57 години

и за мажи од 59 години. Оние кои порано ја немале оваа старост и заминале како стечајни работници веќе ќе можат да го користат Законот кој го донесовме пред неполни петнаесетина минути.

Овој Закон бара дополнителни средства. Вообичаено во Парламентот воведовме практика предлагачот на ваквите видови закони кои повлекуваат буџетски средства, заедно со Законот, да ја приложат и финансиската конструкција, пред се заради фактот да се знае колку средства ќе треба дополнително да се ангажираат од Буџетот. Една можеби најслободна проценка вели дека вакви лица има 5-6 илјади, на нив треба да им се обезбеди некаков надоместок од стотина евра, месечно 600 илјади, а годишно 7 милиони и 200 илајди. Ако не можат да го исполнат старосниот услов за користење на надомест тие лица ќе треба да користат десетина години. Доаѓаме до бројка од една милијарда евра кои оваа држава ќе треба да ги вложи за еден ваков закон, што значи дека тие средства се многу поуспешни и подобри ако ги вложиме во економскиот развој на државата или отворање нови работни места.

Токму од овие причини, јас нема да го подржам овој закон. Ние и како пратеничка група целосно го подржавме Законот за измени и дополнување во пензискиот систем, со тоа сметајки дека се решава проблемот на стечајните работници најмногу отидени по структурните реформи кои ги правевме во текот на овие години. Ваков дополнителен закон се однесува за мошне мала категорија на луѓе, луѓе кои може и дополнително работат, а нивните работодавци го користат фактот дека добиваат надоместок, не ги плаѓаат придонесите и слично и фактички имаме водење на евиденција на невработени кои сеуште работат.

Јас уште еднаш ќе повторам не можам да го прифатам и ќе гласам против овој закон.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Мингова.

Господине Стојаноски за реплика?

Господине Мавровски за реплика?

Три минути реплика за пратеникот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Велите дека поповолен бил постоечкиот Закон и дека овој закон барал дополнителни финансиски средства.

Јас не можам да разберам како е ова можно? Ако помалку пари се предвидени во согласност со постоечкиот закон за лица кои се прогласени за технолошки вишок, вие велите дека тоа било поповолно за нив, а велите за овие измени потребно е да се предвидат дополнителни финансиски средства. Значи, треба, согласно овие измени, да се обезбедат повеќе пари за лица кои се прогласени или што ќе се прогласат за технолошки вишок и тоа било понеповолно за нив.

Ве молам, објаснете ми, како е можно ако има повеќе пари предвидено за лица технолошки вишок тоа да биде понеповолно за нив, а кога има помалку пари со постојниот закон, тогаш тоа било поповолно за тие лица. Ве молам, на ваков начин немојте да се грижите за лица технолошки вишок, прошетајте малку низ градовите низ Македонија да видите дека сиромаштијата преминува во неможност за голе егзистенција. Лицата навистина почнуваат да шетаат по улици барајќи храна, буквално барајќи храна и сите тие лица кои се соочени со обезбедување на гола егзистенција најголем дел се лица кои останале без работа во овој таканаречен транзициски период за кој не знам од што кон што се направи тој премин затоа што, факт е, нема голема разлика во состојбата во која се наоѓаат тие од 1995 година кога ги прогласувавте за технолошки вишок и исто така во тој период им се даваше, ако се сеќавате, над 25 години стаж да можат да го користат правото на паричен надомест до пензија, а сега за овие лица кои после измените на овој закон отидоа технолошки вишок, за нив не е можно да ги остварат истите права кои други граѓани на Република Македонија само неколку години порано можеле, согласно Законот, и ги искористиле тие права.

Значи, ако зборуваме за рамноправност на граѓаните на Република Македонија, тогаш не може едно да важи за еден, а за друг да не важи истото тоа право.

Кога зборувате за стечајните работници, тие без своја вина останале без работа затоа што фирмата отишла под стечај. Овие лица исто така без своја вина останале без работа затоа што фирмата не била способна да исплаќа плати на тие лица и ги прогласила за технолошки вишок. Јас сум свесен дека прогласувањето за техноошки вишок во многу случаи беше злоупотребено заради политички пресметки со политички неистомисленици. Ако е целта за едни да важи едно, за други друго, или тие тогаш кои го оствариле тоа право било поповолно затоа што тогаш мораше да се направи приватизацијата на начин како што ја направи СДСМ во тоа време, а сега, бидејќи приватизацијата е завршена, треба да се штитат газдите во однос на плаќањето и прибирањето на средствата од даноците, тогаш јас не гледам ништо друго освен дека зборувате со една голема демагогија и дека треба, ако сте принципиелни, да прифатите дека и овој закон треба да биде донесен исто како што се донесе и претходниот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Една минута контра реплика за пратеникот Мингова.

**Благородна Мингова-Крепиева:** Благодарам потпретседателе, јас на почетокот ќе кажам дека не можам да бидам неодговорен пратеник и да се однесувам заради тоа што се наоѓаме во предизборје популистички и да продавам демагогија.

Се работи за две суштествени работи.

Немаше никој од пратениците да предлага закон без да ја сноси одговорноста што повлекува. Барам процедурално предлагачите да ни достават точна финансиска конструкција за поддршка на овој закон како би можеле да се изјасниме и откако тоа ќе го добиеме, тогаш можеме да расправаме и да разговараме за тоа прашање.

Зошто е поповолен, велам дека 15 години се бара, со овој закон се бара 25, ако сме имале стечајни работници или технолошки вишок со 25 години, овој закон сме го менувале 1997 година кога со 25 години се одеше... Барам процедурално.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Мингова.

Сега барате процедурална забелешка.

Повелете процедурално госпоѓо Мингова.

**Благородна Мингова-Крепиева:** Кажав и во својата дискусија барам од предлагачите да ни достават финансиска конструкција за поддршка на законот и образложение заради тоа што и во образложението не стои колку средства ќе треба да се издвојат од Буџетот или ако ни претстои ребаланс, колку средства ќе треба со тоа да се издвојат за да може да расправаме по овој закон.

**Слободан Најдовски:** Повелете госпоѓо Којзеклиска како предлагач имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе.

Јас не знам колешката Мингова колку беше информирана, меѓутоа, колку што се сеќавам, координаторите на пратеничките групи пред седум или десет дена, не ме држете точно за збор, од сите парламентарни политички партии имаа состанок со Здружението на стечајните работници и технолошки вишок. Таму беше посочено дека е потребно да се изнајде начин колку финансиски средства, меѓутоа, јас како пратеник не можам да направам финансиска конструкција колку ќе изнесува тоа, немам обврска да го направам тоа, меѓутоа, Министерството за финансии како носител на буџетската политика и на финансиските средства во државата требаше да даде определена бројка за да се види колку би изнесувале тие.

Јас понатаму не учествував, но сум информирана од страна на координаторот. Не учествував до каде е стигната таа постапка со барање мислење. Ако веќе настапуваме така, мислам дека не треба да се прави разлика помеѓу Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност со барање на финансиска конструкција и претходниот Закон за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување кога не требаше финансиска конструкција.

Укажавме дека со амандманите односно во образложението, потребно е да се сочека ребалансот на Буџетот, истото тоа образложение за овие амандмани, почитувана колешке, ќе се однесува и за овој закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Мингова имате реплика?

Господине Голомеов реплика?

Три минути реплика за пратеникот Мингова.

(Реакција од страна на пратениците ВМРО-Народна партија).

Повелете господине Караџоски имате процедурално?

Процедурално господинот Караџоски, а потоа реплика.

**Жарко Караџоски:** Не знам зошто давате реплика потпретседателе. Госпоѓата Мингова побара процедурално. Предлагачот на законот односно овластениот претставник одговори на барањето процедурално, даде појаснување, нема реплика на тоа.

**Слободан Најдовски:** Извинете господине Караџоски, госпоѓа Мингова имаше процедурална забелешка. Госпоѓата Којзеклиска во име на предлагачот побара збор. За процедурално дали има грешка или нема тука е претседателот, односно јас како претседавач. Ние ќе одлучиме за тоа, а госпоѓа Којзеклиска имаше збор во име на предлагачите.

Три минути реплика за господинот Голомеов.

**Благој Голомеов:** Благодарам господине потпретседател, со цела почит сметам дека колегите од ВМРО-Народна партија треба да го повлечат овој закон, бидејќи не претставува ништо друго, туку чист популизам.

Мислам како Собрание, како сите пратенички групи смогнавме сили и решивем еден огромен проблем кој се однесува на поголем број луѓе стечајни работиници со претходниот закон кои се плод на транзицијата во Република Македонија која трае подолго време поради затворањето на многу фирми, одењето на многу фирми под стечај, меѓутоа, овој закон што се нуди сега не може да се окарактеризира поинаку, туку чист предизборен популизам.

Ќе поставам само едно прашање, дали ова не значи дека со вакво законско решение во Република Македонија ќе нема поголем стаж од 25 години? Сите работници штом ќе наполнат 25 години стаж ќе бидат елегантно прогласени за технолошки вишок и ќе бидат пренесени под капата на државата.

Јас се прашувам кој буџет и кој ни дава право така да се однесуваме кон средствата кои се собираат од онака кревкото македонско стопанство.

Мислам дека е ова крајно неодговорно и затоа пак апелирам овој закон треба да се повлече.

Впрочем, многу луѓе кои отидоа како технолошки вишок се во договор со компаниите, зедоа испратнини кои изнесуваа и повеќе евра во некои случаи и со едно вакво законско решение мислам дека ќе направиме права рашомонијада во

економската сфера во Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Мингова.

**Благородна Мингова-Крепиева:** Вака потпретседателе, согласно членот 136 став 3 од Деловникот, износот на финансиските средства потребни за спроведување на Законот и начинот на нивното обезбедување како и податоци за тоа дали спроведувањето на Законот повлекува материјални обврски за одделни субјекти треба да биде составен дел на Предлогот за донесување на закон.

Колку што се сеќавам, кога го предлагавме Законот за продолжување на две години на старите услови за пензионирање, ни беше поставено тоа барање и ние како предлагачи го реализиравме.

Втората работа што сакам да ја кажам на јавноста за да објаснам дека ова предизборие, овој закон се користи во предизборието само за популистички цели и политички е фактот дека, согласно Законот за осигурување во случај на невработеност имавме 1997, 1998, без разлика кои измени беа и 1999 година оние лица со полни 25 години стаж одеа на тогашниот Завод за вработување со надоместок до остварување на еден од условите за пензионирање. Условот 25 години стаж е укинат токму 2000-та година, јас не сакам да кажам која влада беше и кој беше премиер и кој беше предлагач на тој Закон. Тоа ќе ми го одговорат моите колеги од ВМРО-Народна партија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодрам госпоѓо Крепиева.

Една минута контра реплика за пратеникот Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседтеле.

Измените на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност на членот 71 став 3 биле извршени на 30 март 2000-та година и таму е додадено над 25 години се бришат, а се додаваат зборовите "над 55 години возраст и најмалку 15 години работен стаж".

После тоа почитувана колешке наредната Влада после 15 септември кога народот ја зеде судбината во своите раце, ние имаме измени на истиот член од оваа Влада на членот 71 во кој ставот 2 се менува и гласи: "три месеци, четири месеци, шест месеци, осум месеци и 12 месеци" за да некни министерот за труд и социјална политика вели и тие се многу и тие ќе ги скратиме. Ние зборувавме дека и тие се рестриктивни, дека тој закон е рестриктивен, е па сега вие споредете кој закон е порестриктивен. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Имаме процедурална забелешка, но немаме процедурален предлог госпоѓо Крепиева од ваша страна.

Што предлагате, дајте конкретен предлог.

**Благородна Мингова-Крепиева:** Согласно членот 136 алинеја 3 од Деловникот предлагам предлагачот на законот да достави износ на финансиски средства потребни за спроведување на законот и начинот на нивното обезбедување како и податоци за тоа дали спроведувањето на законот повлекува материјални обврски за одделни субјекти односно за Агенцијата за вработување, односно за Буџетот.

Барам да ми се достави и потоа да продолжиме со расправа по овој закон.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Мингова ајде јас да се обидам да го дефинирам вашиот предлог. Вие барате да ви се достави од предлагачите, но тоа е на предлагачите да одлучат. Дали барате прекин на седницата, тогаш треба да побарате гласање, треба да побарате поддршка од 10 пратеника, тогаш е тоа, инаку вака, точно е дека согласно членот 136 законот во образложението треба да го содржи износот на финансиските средства и точно е дека согласно член 143 доколку бара посебни финансиски средства треба да расправа надлежното тело за финансирање и буџет при Собранието.

Затоа ве молам дефинирајте го предлогот.

Има збор госпоѓа Мингова.

**Благородна Мингова-Крепиева:** Уште еднаш повторувам, барам да се прекине расправата, во меѓувреме предлагачот да достави и барам поддршка од 10 пратеници да се постави прашањето за одложување на точката од дневен ред додека ги добиеме податоците од колегите.

**Слободан Најдовски:** Молам, пред да ви дадам процедурално, дали за предлогот на госпоѓа Мингова има поддршка од 10 пратеници?

Има поддршка од 10 пратеници.

Господине Стојаноски предлогот треба да се стави на гласање. Ве молам, немојте да дофрлувате од место, прекин на седница дава претседателот по барање на пратеничка група или по предлог на еден пратеник и со поддршка од 10 пратеници и за тоа одлучува Собранието. Молам, без дофрлување, бара прекин на седницата, господине Стојаноски, во што е проблемот, повелете процедурално господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Морам да го истакнам ова. Прекин на седница, согласно Деловникот, секретарот го знае членот, се работи за членот 79, единствен начин за прекин на седница е докоплку тоа го направи претседателот на Собранието, доколку со поддршка на 10 пратеници пратеник предложи прекин на седницата заради разгледување на точката на дневен ред од страна на надлежното тело на Собранието, доколку надлежното тело не го

разгледувало прашањето кое е на дневен ред. Тоа е од Деловникот за работа.

Ако некој може да предлага прекин на седница за било каква ситуација, тогаш ќе се доведеме во ситуација да се блокира работата на Собранието во иднина за секоја банална причина.

**Слободан Најдовски:** Сето тоа е точно што го кажавте господине Стојаноски, но токму тоа го предлага и госпоѓа Мингова, бара прекин и предлага со поддршка од 10 пратеника, за дополнителни консултации. Нема што повеќе да се разубедуваме.

Давам пауза од 15 минути, продолжуваме во 16,30 часот за да извршиме дополнителни консултации.

Дали е во ред?

(Пратениците од ВМРО-Народна партија викаат од место дека не е во ред).

Бидејќи јас претседавам имам право да дадам пауза до еден час, давам 15 минути пауза и ги молам координаторите да дојдат во Охридската сала или во салата на Владата, за дополнителни консултации.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15, 33 часот)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа таму каде што застанавме.

Со оглед на тоа што госпоѓа Мингова-Крепиева Благородна имаше предлог, процедурално побара, има збор.

Повелете госпоѓо Мингова-Крепиева.

**Благородна Мингова-Крепиева:** Благодарам господине потпретседател,

Со оглед на тоа што моите колеги од ВМРО Народна партија не можат да обезбедат образложение за потребните финансиски средства, а денеска имавме и премногу прекини за да можеме да направиме измени во законот, сметам дека би било лошо да ја прекинеме седницата и да не ја завршиме денеска.

Јас ќе го повлечам мојот предлог, затоа што навистина сум убедена во тоа како ќе гласам. Овој закон повлекува огромни финансиски средства, не само за тие што моментално се наоѓаат на Завод, туку пред се за армијата нови, технолошки случаеви кои веднаш после навршувањето на 25 години ќе бидат отпуштени од нивните работодавци. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Предлогот е повлечен.

Продолжуваме понатаму со работа.

(Процедурално бара збор пратеникот Лилјана Поповска)

Пријавете се.

Процедурално има збор госпоѓа Поповска Лилјана.

Повелете госпоѓо Поповска, три минути процедурална забелешка.

**Лилјана Поповска:** Благодарам.

Почитуван господине потпретседателе,

Јас само сакам да помогнам во оваа заплеткана ситуација.

Како координатори на пратенички групи се бевме договориле, кога ќе дојде овој закон на дневен ред да се поднесе амандман од страна на ВМРО Народна, од предлагачот и ние сите да го прифатиме. На тоа бевме подготвени.

Сега предлагам ВМРО Народна партија да поднесе одреден амандман околу ограничување на категоријата, се обидувам да излеземе од состојбава ...

**Слободан Најдовски:** Од ситуацијата сме многу узлезени. Координаторите, доколку имаат некаква забелешка, ќе јават. Координаторите немаат никаква забелешка, немаме никаков предлог ниту од предлагачите за нешто друго. Госпоѓа Мингова го повлече предлогот.

Продолжуваме со работа и сакаме да работиме. А секој, кој ќе се јави за дискусија, ќе зборува. Така што процедурално, јас зборувам според процедурата само доколку имаме предлози. Во овој момент немаме друг поинаков предлог. Ако имате процедурален предлог, тогаш тоа е друго.

Продолжуваме понатаму со работа.

Господинот Караџоски е пријавен за дискусија, а господинот Мавровски претходно за реплика по однос на дискусијата на госпоѓа Мингова-Крепиева. Но ако се однесува на предлогот, таа го повлече предлогот.

Повелете, три минути реплика за господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам.

Госпоѓо Крепиева, вие побаравте по членот 136 - извор на финансиски средства да го даде предлагачот на законот. Предлагачи сме ние. Но, се работи за една група на невработени лица кои имаат над 25 години стаж ...

**Слободан Најдовски:** Господине Мавровски, предлогот е повлечен. Госпоѓа Мингова го повлече предлогот сега.

Продолжете сега.

**Спиро Мавровски:** Во ред е, говорам за дискусијата. Тоа беше спомнато во дискусијата. Не е за предлогот. Не зборувам за предлогот.

Како можеме ние како ВМРО Народна во овој момент коги ни министерот за труд и социјална политика не знае колку илјади невработени има ...

**Слободан Најдовски:** Ве молам господине Мавровски, ве молам ...

**Спиро Мавровски:** Сега јас ќе давам реплика или вие мене ќе ми давате реплика? Ако ми давате мене, да одам да седнам, да ви одговорам. Или да се пријавам за дискусија и да завршиме тука. Мислам дека сакав да бидам многу краток, да ви кажам што е.

Ова што го имам пред мене се 200 страници само од оние луѓе кои останале без работа во Битола и што се молат по судови.

**Слободан Најдовски:** Ве молам господине Мавровски, имате право да се јавите за збор. Пријавете се.

Предлогот на госпоѓа Мингова-Крепиева е повлечен. Имате право на дискусија после сето тоа да го дискутирате. Задржете си го правото за дискусија, бидејќи немате што повеќе по однос на предлогот. Предлогот од госпоѓа Крепиева е повлечен.

**Спиро Мавровски:** Господине потпретседателе,

Пред да биде процедурално, госпоѓата Благородна Мингова-Крепиева говореше.

**Слободан Најдовски:** Продолжете, ајде продолжете.

**Спиро Мавровски:** Јас побарав пет пати збор. После тоа дадовте збор процедурално, а со репликата ...

**Слободан Најдовски:** Продолжете, ќе ви дадам една минута повеќе.

**Спиро Мавровски:** И една минута и пет минути, тоа е.

Мислам дека на овој начин како што кажуваме, мислам дека не можеме ние како предлагачи, затоа што досега ниту еден закон не е дојден со тоа што значи финансиски реперкусии врз основа на тоа што ќе значи буџет. И последниот закон што го имавме тука од министерот, јас не видов како пратеник, дека има некое сознание дека тоа е така.

Ако кажувате дека немате финансиски извори и средства, тогаш ќе треба да го повлечеме и претходниот закон.

Но, јас ви кажувам нешто друго. Тие луѓе на 25 години еднаш треба да бидат дефинирани и не се работи за оние, како што кажавте, што добиле отпремнини, што добиле големи пари и сега повторно ќе бидат во игра. Ние говориме за некого кој останал без работа со 25 години стаж и уште се влечат овие луѓе по судови и не можат да го остварат своето право, а и самите сме сведоци што се случува по сите конкурси и огласи, кои вработени во моментов се примаат. Кој ќе ги прими овие на 25 години, ќе ве замолам да ми кажете, затоа што и од Министерството за труд и социјална политика треба да добиеме таква информација да знаеме колку од овие луѓе веќе не се на товар на Министерството за труд и социјална политика.

Затоа, да не играме сега тука, да кажуваме едниот закон бил добар, овој бил предизборен. Што е претходниот, што е овој, мислам дека се решава нешто што некој не се обидел во овие 4 години да донесе таков закон. Затоа што веќе на наредната седница госпоѓо Крепиева имаме друг закон во кој што ги третираме пензионерите.

**Слободан Најдовски:** Ви благодарам господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Ви благодарам и вам господине потпретседателе.

**Слободан Најдовски:** Чисто процедурално сега господине Мавровски.

Во член 136, во образложението, да кажеме чисто процедурално, предлогот е ваш, на вашата пратеничка група, во членот 136 многу убаво пишува, во образложението што треба да содржи. Меѓу другото, треба да го содржи и износот на финансиски средства. Но, без разлика на тоа, госпоѓа Крепиева го повлече предлогот.

Продолжуваме со дискусиите.

Има збор пратеникот Караџоски Жарко.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе.

Апсолутно немаме намера, како пратеничка група, од популизам овие закони, претходниот закон за дополнување на Законот за пензиско осигурување и овој Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување во случај на невработеност немавме апсолутно намера за никаков популизам. Тоа се потврди и докажа овде во Собранието, затоа што претходниот закон беше изгласан. Ако целта беше популизам, сигруно дека немаше да го добие потребното мнозинство претходниот закон.

Што е нашата мотивација, која беше нашата главна мотивација кога ги поднесовме овие два закони?

Станува збор за две категории граѓани во Република Македонија, што не цениме само ние, се согласувам дека ценат овде сите присутни пратеници, можеби се едни од најзагрозените во Република Македонија. Тоа е првата категорија на оние стечајни работници. Не треба да објаснувам што значи стечаен работник. И, категоријата на работници, технолошки вишок. Или, категоријата на работници односно граѓани кои останале без работа заради преструктуирање од економски итн, итн причини.

Главната поента беше во оние претпријатија, што поради транзицијата што сите овие години ја следи Република Македонија, а беа големи претпријатија, останаа на работ на времето, а најголемите жртви од тоа беа работниците кои отидоа под Заводот за вработување и кои од тогаш па наваму се беа судирале со многу измени што во целост ја деградира нивната позиција.

Точно е дека 1997 година за оваа категорија на граѓани постоеше една одредба што е слична со одредбата што сега ја предлагаме. Заради тие транзиции, категоријата на граѓани кои имаат 25 години завршен работен стаж да можат да земат паричен надоместок од Заводот за вработување до условите за пензионирање. Факт е дека од таа година па наваму тие права постојано се намалуваат. А, се намалуваат само со една единствена причина што имавме можност да ја слушнеме вчера кога се носеше Законот од Владата. Во принцип, односно единствена причини за тоа беа така наречените активни мерки што мисли да ги превзема Владата во смисла на вработување на сите категории. Главната причина поради која се скратува

паричниот надомест, времетраењето на истиот беа т.н. активни мерки.

Го слушнавте и образложението на предлагачот вчерашен, а тоа е Владата на Република Македонија, кога кажа дека целта е граѓаните да се вработуваат а не да земаат надомест од Заводот за вработување, заради тоа што таквиот надомест бил причина што тие одбивале работа. И ние цениме дека таквото образложение може да важи и е исправно, но за онаа категорија на граѓани што во никој случај нема најмалку 55 години старост или 25 години стаж, туку за помладата генерација што може да се надева да најде работа со т.н. активни мерки.

Во активни мерки на оваа категорија на граѓани кои имаат најмалку 55 години старост или 25 години работен стаж, тешко да може да се подведат под активните мерки, затоа што никој, ама баш никој во Република Македонија таа категорија на граѓани не сака да ја вработи.

Што сега се случува, да објасниме со еден пластичен пример. Поради технолошки вишок, односно поради економски или структурални промени во организацијата, во претпријатието, одредена категорија на граѓани остануваат без работа. Да го земам примерот со Електростопанство. Под одредена категорија на економски, технолошки причини, во време кога народот ја презеде власта во свои раце, а тоа е 15.09.2002 година, веднаш после тоа беа испуштени под таа категорија околу 1100 вработени на ниво на Република Македонија.

Во таа категорија на граѓани не е само Електростопанство, има и други, имаше огромен број на граѓани кои имаа 55 години старост и 25 стаж. Што се случува со нив? Според актуелната регулатива или според последниот предлог што вчера се изгласа, таа категорија на граѓани има право да зема паричен надоместок само 12 месеци. А после, што прави? После тоа ќе наполни 56 години и каде ќе бара вработување? Кој е тој кој него ќе го вработи? А тоа било активно мерка?! Во смисла да не зема долго паричен надоместок за да може да се вработи. Еве, сите овде да бидеме објективни и отворени, да кажеме кој е тој кој ќе вработи некого на 56 години старост во приватен сектор, па и во државен, не знам каде. Тоа е главниот проблем.

Мора да се соочиме со вистината. Првата категорија ни беа стечајни работници, кои што, благодарение на разбирањето денеска во Собранието успеавме со исто така наш закон, што овде некој сака да го протолкува дека е популистички, значи не е популистички, успеавме со договор нормално со прифаќање од наша страна, преку измени со одредени амандмани, да дојдеме до решение на таа категорија граѓани, да го решиме горчливиот проблем, да висат под Заводот за вработување без никаков надоместок, да чекаат да наполнат 64 година па да земат пензија или да умрат. Друга алтернатива немаше.

Заради тоа се донесе, поради што сум благодарен на сите пратеници, се донесе и таа категорија на граѓани е решена. Но, не можеме да ја оставиме оваа категорија на граѓани, затоа што навистина е проблем во Република Македонија. Да бидеме сите отворени, и јас да сум стопанственик, да имам своја фирма, кого би вработил со 56 години и 25 години стаж, наспроти толку млада популација која е невработена. Тоа е голем проблем.

Од друга страна, не постои можност да се вработи и не постои можност од каде да живее. Затоа што само 12 месеци прима паричен надоместок. Како да живее?

Ако Република Македонија, со Устав е социјална држава, како што вели Уставниот суд и Уставот сите сме еднакви во Република Македонија, ако тој принцип на еднаквост го почитуваме, тогаш треба и тие граѓани да ги заштитиме. Треба и нивното право, согласно овие одредби на Уставот, да го најдеме во оваа држава. На таа категорија треба да им излеземе во пресрет.

Да не заборавиме, во меѓувреме, откако прв пат постоеше една ваква регулатива, се измени и Законот за ПИО што во повеќе наврати е менуван. Денеска, основ за остварување на право на пензија е 64 години на старост. Колкав е сега тој вакум, ако некој граѓанин со 25 години завршен стаж и со претпоставка да има 55 години старост треба да чека уште 9 години за да стекне услов за пензија. Во тие 9 години само една година да зема паричен надоместок, а 8 години да биде фрлен на маргините. Ниту некој ќе го вработи, ниту тој е способен самиот тој да работи било каква друга дејност. Чест на исклучоците, но во огромен број не е така. Секојдневно се соочуваме со такви граѓани и секој ден, дневно од нас се бараат такви барања за решавање на тој проблем.

Како пратеничка група не тврдиме дека ова што сме го понудиле е најидеалното решение. Но, факт е дека сме направиле еден обид што оди во насока да се реши тој проблем, а не така како што Владата го понуди, односно вчера го изгласавте, што апсолутно не нуди никакво решение, туку е само порестриктивен и повеќе ги крати тие права.

Ако овој закон, најверојатно тоа почитуваната колешка Лилјана Поповска сакаше да го сугерира, ако овој закон како што сме го предложиле, со овој текст постои, да речеме дека има некој пропуст или има некоја одредба што треба да се допрецизира, законот го пуштивме многу одамна. Имавме време да седнеме да разговараме, да видиме каде е проблемот. Тоа можеме и сега да го направиме, не е никаков проблем, доколку постои желба и со амандман да корегираме или да дополниме, да прецизираме некоја одредба. Но, тоа можеме да го направиме во оној момент кога ќе ја отвориме расправата по текстот на законот.

Сега расправаме за Предлогот за донесување на закон. Првата фаза. Дали има потреба или не. Дајте, изгласајте ја потребата, нека помине првата фаза и тука може да се договориме да ја прекинеме расправата по овој закон. Да оставиме

време по текстот, може со некакви амандмани што, ние како предлагачи, претходно усогласени, да ги доставиме ако сметате дека треба нешто да се прецизира.

Не сме крути и не сме дошле овде поради популизам пред избори. Има време каде да се прави тоа. Сме дошле навистина со една единствена цел, а тоа е да помогнеме на одредена категорија на граѓани.

Како пратеничка група бевме обвинувани за претходниот закон дека сме го пуштиле поради популизам, но ете, видовте дека даде резултати.

Би сакал и како предлагач и како претставника на ВМРО-Народна партија, пратеничката група да покаже гест на добрла волја, на соработка, на поддршка или дух на добра волја, како што вели Флоровски дајте да ја изгласаме потребата од овој закон, смогнете сила, а по однос на текстот да разговараме на комисиите дека можеме да го дополниме, прецизираме, отфрлиме, да додадеме нешто, со единствена цел, на таа категорија граѓани, за која ви кажував дека навистина е загрозена во Република Македонија на некој начин да и помогнеме. Тука може да се раговара и за финансиските средства, колку треба, како треба, ќе мора и Владата да даде активна улога. Пратеничката група и да сака да ви даде, колкави се тие финансиски средства, објективно неможе, зашто не е Министерство за финансии. Тука мора да има активна улога и Министерството за финансии. Значи, заради се ние стоиме на располагање , но нема да прифатиме квалификации дека ова го правиме од популизам, заради некакви поени пред изборите.

Јас уште во контекст на мојата дискусија се надевам дека почитувани пратеници, сите го добивте дописот од Здружението на работници со над 25 години работен стаж и нерегулиран статус во Република Македонија. Тоа е доставено кај нас на 15.03.2006 година со поддршка на овој Закон кој што ние го нудиме и со одредени допрецизирања, но повторно ќе кажам тоа е сето во контекст на она што ние го нудиме. Прочитајте го образложението во тоа што ни се нуди и што е тоа што го бара и кој се потпишал тука, ќе видите дека не станува збор за популизам на ВМРО-Народна партија, туку станува збор за барања кои објективно постојат, а тоа што ВМРО-Народна партија, или пратеничката група на ВМРО-Народна партија имаше слух за разлика од сите други кои вие немавте слух, па го направивме со Закон, тоа е друго прашање. Што да ви правам, побрзи сме.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Три минути реплика за пратеникот Никола Камчев.

**Никола Камчев:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас сакам да му реплицирам на господинот Караџоски и да го поддржам во неговото изнесување на овој проблем, во смисла на тоа, го разбирам како голем комунист и социјалист, што се грижи за правата на работниците. И ние сме многу загрижени за правата на работниците, меѓутоа, неможам да го разберам кога тој се грижи многу за сите работници, освен за правата на овие луѓе овде во Парламентот, кои права се исто така, загрозени од страна на една институција на Република Македонија, се сведени нивните права на овие луѓе овде и на оние кои се отсутни на поистоветување со психологијата на еднакви стомаци, на нееднакви можности. За тоа не беше загрижен господинот Караџоски. Зборуваше за сите работници и јас така зборувам и јас сакам така да биде, меѓутоа, исто така сакам да се загрижи и за нашиот статус, после претанувањето на мандатот. Барем со еден збор да кажеше дека 50% од овие луѓе ќе се најдат во истата ситуација со стечајните работници, заради тоа што Парламентот после изгласувањето, односно донесувањето на одлуакта на Уставниот суд, практично е ставен под стечај. Ние ќе бидеме сите стечајни работници. Ќе дојдеме во ситуација да бидеме социјални случаи, барем 50% од нас.

**Слободан Најдовски:** Ве молам, оставете да не коментираме.

**Никола Камчев:** Дозволете ми господине претседателе, со правата на работниците се загрозува една категорија на работници, заради нивните социјални права, со правата на овие луѓе овде кои седат во овој Парламент, се загрозува системот на парламентарната демократија во Република Македонија. Со еден збор, господинот Караџоски не се осврна на таа проблематика. Заради тоа му замерувам.

Инаку, уште еднаш потврдувам, дека тој е голем хуманист и голем социјалист и треба да се бори со сите нас за правата на работниците во Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Камчев.

Една минута контра реплика на господинот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Најнапред колега Камчев благодарам за комплиментите. Но сигурно од вас поголем комунист не сум, а сигурно од вас поголем опозиционер не сум. Затоа што, колку што знам најголемиот опозиционер во составот на партија сте вие. И се надевам дека ќе останете таков.

Меѓутоа, не спомнав намерно за она што го зборувате по однос на Одлуката на Уставниот суд од две причини.

Прво, не сакам да коментирам, а второ, не сакам да ги разочарам стечајните работници. Затоа што ако го кажев ова истото дека и ние ќе станеме стечајни работници, по однос на Одлуката на Уставниот суд, ќе влеземе во таа категорија и верувајте, дека Уставниот суд, заради нас ќе го укине овој Закон.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме понатаму.

Има реплика три минути пратеникот Ангелка Пеева-Лауренчиќ.

**Ангелка Пеева-Лауренчиќ:** Благодарам потпретседателе,

Ние овде не сме дошле да бидеме хуманисти, мајки Терези, туку сме дошле да ја водиме државата, барем таков мандат ни дале граѓаните.

Мене не ме чуди што опозицијата сега пред избори ќе ги опфати сите категории на граѓани, кои што на овој или на оној начин биле жртви на транзицијата. За тоа впрочем, гледаме и цели фериjали во некои медиуми, но да бидеме малку рационални и реални, дали после една серија закни од ваков карактер не треба да прогласиме стечај во Република Македонија како држава, затоа што тоа е исто како дома. Да имате буџет од 10.000 денари, а за им задоволите на домашните предизбори, ќе потрошите 100.000 денари и бидејќи ќе нема од каде да ги вратите, ќе мора да ја однесете државата во стечај.

Јас не се согласувам со таква демагошка политика предизборна, ниту пак во тој правец ќе гласам, затоа што не верувам дека Македонија е побогата земја од една Шветска, од една Данска, од една Швајцарија и знам каде ни е местото во таа наоска.

Од друга страна, кога зборуваме за економија и за развој на малото стопанство да зборуваме со истиот жар, иако не е толку популистичка тема и кои се пораките што овој Парламент ги испраќа на бизнисот и на стопанството.

Пораките се следни: Немате потреба да работите, затворете ги фирмите и со законите за стечајни права, или за технолошки вишок, пратете ги вработените дома, па нека живеат од тоа што државата ќе им го даде.

Тоа не е порака што води во Европа, тоа не е порака што може да ја извлече Македонија од колапс. Тоа е порака само за глас повеќе во изборите. И на господинот Караџоски ќе му кажам, бидејќи минатиот пат се осврна на рејтингот на нашата политичка опција дека нека отиде рејтингот и во минус, важно е државата да опстане. И господинот Милошевиќ имаше рејтинг 56,1, а Џинџиќ 1,6, па од оваа дистанца работите изгледаат поинаку. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика пратеникот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Колешке без навреда би сакал да ве прашам нешто. Како сте? Или дали сте добри? Добро што се сетивте да ги прашате граѓаните, но вие сте власт, колку што можам вака да знам, вие припаѓате на парламентарното мнозинство, или во колаицијата. И вие почитувана колешке требаше да го направите овој народ побогат, кога дојдовте во 2002 година и кога му ветивте дека ќе му ја дадете власта на народот во раце и дека ќе вработите по еден човек од семејството итн. И мене би ме радувало доколку тоа го направевте и по цена да ви падне рејтингот на негативна нула. Но факт е дека направивте обратно, а рејтингот сеуште ви е на негативна нула.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Лилјана Поповска

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Јас сакам само да потсетам на договорот на координаторите што го имавме кога се сретнавме заедно со Здружението на лицата со над 25 години стаж, кои што бараа одреден надомест, за да можат да ја обезбедат егзистенцијата.

Значи, сакам да потсетам на договорот на координаторите на кој што начелно се договоривме дека ваков закон сме спремни сите да поддржиме, доколку се направи амандман со кој што ќе се определи точно за која категорија граѓани ќе се однесува законот. Затоа што целосно поставен би имал пошироки буџетски импликации и имаше сознание дека би можело да има проблеми во моментот да се најдат веднаш средства.

Значи во таа прилика координаторот на ВМРО-Народна како предлагач изнесе став дека е спремен да поднесе таков амандман и другите присутни координатори изразивме спремност исто така да го подржиме, доколку се поднесе таков амандман.

При тоа баравме, бидејќи беа спомнувани разни бројки од буџетот кои би се зафатиле, како суми што би се зафатиле од буџетот. Побаравме мислење од Министерството за финансии и тоа барање го потпишавме како координатори. За жал, од Министерството не добивме одговор, иако се бараше итно да се одговори, но договорот на кординаторите според мене, сепак останува.

Јас би ги замолила, еве и кажа колегата Караџоски дека начелна спремност има, меѓутоа, тоа ми беше и целта кога реагирав пред малку процедурално да се предложи, да се размисли за еден таков амандман, со кој што точно ќе се определи за кого се однесува надоместок, затоа што да потсетам и на барањето на Здружението. Тие всушност бараат само паричен надомест, без други надоместоци и бараат за одредена група од над 25 години стаж.

При тоа, уште еднаш би сакал да потсетам дека тие пари всушност, повторно на еден начин би се вратиле во буџетот, затоа што би се наплатиле сметките кои што им се огромни на луѓето, а она што единствено го бараат, тоа е решавање на егзистенцијата.

Би сакала да кажам уште нешто, во врска со овој и претходниот закон. Пологично ќе беше, според мене да ги носевме законите онака како што беа предложени по тој редослед и прво да се донесеше овој закон, за кој што сметав дека постои начелна согласност меѓу пратеничките групи во Парламентот, со тој амандман се разбира и пологично ќе беше да расправавме најпрво за овој закон, а потоа имајќи ги предвид импликациите од овој Закон, да видиме како да го донесиме вториот закон, со какви амандмани и со какви усогласувања, за да има сето тоа логика и да биде тоа некаков систем. Затоа што она што

дефинитивно ни фали во Македонија долги години по ред, тоа е немање на целосен систем за социјална заштита.

Овде не се работи за овој или оној закон. Проблематично е секогаш кога парцијално се решаваат работите и свесна сум за тоа. Меѓутоа, на тоа сме приморани и со овој закон сега, затоа што не се прави целосен систем, кој што би требало да се носи на ниво на Влада. И во немање на целосен систем за социјална заштита, практично се прават парцијални покривања и гаснење на пожари и покривање на одредени дупки. Но и тоа е според мене помало зло, отколку цели категории граѓани да се оставаат без егзистенција и без никакво покритие.

Јас сакам да потсетам дека за овој ист закон, закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, имам дискутирано повеќе пати. Дискутирав и при првите промени што оваа Влада ги направи пред година ипол, кога за прв пат се укина одреден надомест од една голема категорија граѓани. Јас само доследно на тогашното мое изјаснување дека на тој начин ништо не решаваме, само правиме една армија социјалци, кои што дел од нив ќе треба да ги покриваме преку социјалната помош повторно, но во меѓувреме ќе бидат понижени за да молат за таа социјална помош, а други ќе останат непокриени на никаков начин, затоа што границата за социјална помош ни е страотна ниска, па на тој начин голем дел каде што имаат малку на таа граница се третираат како богати луѓе. Значи, уште тогаш дискутирав дека такво кратење не е потребно и токму за тоа, доследно на тоа, во оваа прилика сметам дека сега би требало да им се компензира на овие граѓани, затоа што голем дел од тие граѓани на кои тогаш им беше ускратено, се сега овие граѓани на кои што сега со овој закон може да им се врати она што им беше ускратено.

Значи, она на што јас би повикала, а сега е прашање на тоа да се намали штетата, да се овозможи егзистенција на оваа категорија, но да размислувале многу сериозно во иднина да се изгради еден сериозен целосен систем на социјална заштита. Затоа што, како социјална држава и како потсетник на Европската социјална повелба, Македонија мора да обезбеди егзистенција за секого. Се разбира, според буџетските можности, меѓутоа, за мене не е оправдано на едно место да се покачуваат плати над некој просек, а некои други категории да им се укинува, едноставно надоместок за егзистенција. Затоа што сиромаштијата јас не ја измислувам, сирумаштијата ја дефинираат и домашните и странските институции. Вие знаете дека околу нова година имаше многу сериозно сеопфатно истражување на Државниот завод за статистика и на Светската банка заеднички проект на кој што беа презентирани резултатите со кои што Македонија покажува драматичен развој на сиромаштијата, драматичен пораст на корупцијата и драматично снижување на условите за бизнис клима.

Инаку, апсолутно се согласувам дека бизнис климата е она првично што треба да се стимулира во Македонија. Зашто без развој на бизнисот, без можноста за создавање услови, за отворање нови работни места, без можноста за развој на постоечки бизниси, ние нема да имаме каде да ги апсорбираме сите социјални случаи и сите луѓе кои што се останати на улица и сите оние кои што во иднина ќе завршат, ќе пораснат и ќе стасаат да бидат работоспособно население. Значи, развој на бизнис климата е апсолутен приоритет. Но паралелно со тоа мора државата да си ја врши својата социјална функција, што значи мора да им обезбеди егзистенција на оние луѓе што во меѓувреме се без егзистенција. Тие два процеса мора да одат паралелно. Не може едното само да го развиваме, другото да го запоставиме, зашто, не може како народната поговорка:" не умри магаре до зелена трева". Да им речеме, луѓе нема сега вработување, немаме пари, снајдете се , чекајте додека ние да го развиеме бизнисот. Ние едноставно, мораме да направиме прераспределба во Буџетот, за да може тоа да се стори.

Инаку, околу прашањето за Буџетот и немањето средства, тоа е прашање кое што многу пати сум го покренувала и факт е сите тие проекти веќе ги научивме, дека Буџетот овие последни години со овие два мандата на овие две влади е зголемен двојно, меѓутоа, во исто време сите услуги и социјални и здравствени, и образовни, сите услуги кои што државата ги враќа преку Буџетот се намалени и влошени.

Значи, очигледно, дека има некоја разлика во Буџетот, за која ние никако не успеавме да дознаеме за што се троши. Јас сум уверена дека со едно подомаќинско работење, со порационално трошење на Буџетот би можеле да се најдат средства за покривање на социјалните проблеми и егзистенцијата на оние луѓе за кои што сега говориме. Но исто така, да се најдат средства кои што би се вратиле во стопанството за развој и поддршка на вработувањата и отворање нови работни места. Затоа, да не се лажеме меѓу себе и да бидеме коректни. Никој не е против развој на економијата, напротив, меѓутоа, развојот на економијата додека тече неможе да се чека некои луѓе да умираат на улица.

И уште една работа. За развој на економијата колеги, имаше .

**Слободан Најдовски:** Ве молам, зборувајте по законот.

**Лилјана Поповска:** Да, по законот. Значи зошто сметам дека овој закон е битен? Затоа што Владата имаше 4 години можност и мандат да ја развие бизнис-климата, тоа не го стори, не се намали видливо бројката на невработени и затоа се потребни вакви закони кои гаснат пожари. Јас знам дека тие не треба да бидат приоритет на една Влада, апсолутно не, меѓутоа, кога таа не ги

завршила другите работи, барем да донесе закони со кои ќе ја овозможи егзистенцијата на луѓето. Мислам дека бев јасна и сум за поддршка на законот, но ги молам од ВМРО-Народна партија да ги димензионираат на реони граници кои ќе можат да бидат буџетски прифатливи според она што го договоривме на групата координатори минатата недела. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Поповска.

Со оглед на крајот од дискусијата, тоа го имате како предлог или во рамките на дискусијата, затоа што ако е процедурален предлог, тогаш ве молам дефинирајте го како процедурален предлог.

Пред тоа, да видиме кои пратеници се јавија за реплика. Тоа се пратениците: Јани Макрадули - процедурално, госпоѓа Пеева-Лауренчиќ за реплика, господин Краљевски за реплика, Мингова-Крепиева за реплика и Лилјана Ивановска за реплика. Да завршиме со репликите, а после може процедурално госпоѓо Поповска да го дефинирате тоа.

Процедурална забелешка има пратеникот Јани Макрадули.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, имам процедурална забелешка до вас.

Имав намера да дадам две процедурални забелешки, за едната вие реагиравте бидејќи говорникот беше надвор од темата и не можеме да си дозволиме овде во Собранието луѓето што 5 минути присуствуваат на седница да го злоупотребат микрофонот и да зборуваат за економијата и бизнис-климата во Македонија, за нешто со што апсолутно нема врска.

И второ, сметам дека како човек што ја води седницата моравте да реагирате дека некој се повикува дека е координатор на некоја пратеничка група. Доколку има информации дека блокот кај преведувачите се здружил, Нова Социјал-демократска партија, ДОМ и ВМРО-ДПМНЕ па ја смениле Бонева и сега Лилјана Поповска е координатор, за тоа треба да не известат согласно член 31. Доколку некој се претставува дека е координатор, а не е, согласно Деловникот вие треба да реагирате за тоа.

Барам согласно член 85 од Деловникот да ни појасните дали ова што го зборуваше колешката Поповска е вистина или не, дали е координатор на некоја пратеничка група или не. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Поповска, процедурално барате збор?

Прво, со оглед дека беше забелешката до мене, господине Макрадули, јас работам согласно Деловникот. Момент, без префрлување, ако може да се сослушаме. Јас работам согласно Деловникот, согласно член 31, претседателот треба да биде известен за формирањето на пратенички групи и во него пишува дека пратеничката група ја сочинуваат најмалку 5-мина пратеници кои припаѓаат на една или повеќе политички партии. Такво известување немаме, на никого не можам да му забранам себеси да се нарекува координатор во дискусијата.

Вие знаете, и во паузата која што ја имавме ми ставивте забелешка останатите координатори, зошто госпоѓа Поповска присуствуваше. Јас не можев ништо да преземам, јас ги повикав координаторите, но мислам дека забелешката не се однесува на мене. Јас не можам во текот на дискусијата кој како ќе се однесува - мислам дека јас не сум повредил процедура.

Повелете госпоѓо Поповска, имате процедурална забелешка.

**Лилјана Поповска:** На состанокот со Здружението на граѓани со над 25 години стаж бевме повикани сите координатори и претставници на политички партии. Јас таму не дојдов неповикана, туку дојдов на состанок повикана токму како претставник на партијата ДОМ, така што и сега кога зборувам, зборувам во име на партијата ДОМ и на пратеничката група од двајца членови кои што сме тука.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Поповска, јас сепак не зборував за тој состанок, зборував за овој состанок за време на паузата кој што го имавме, а сепак вие немате пратеничка група, согласно Деловникот, а вие може така да се нарекувате. Но, во ред е, тоа е . . .

(Реакција од повеќе пратеници со зборовите "Не е во ред").

Ве молам, без дофрлување, секој може да се нарекува како што сака.

Продолжуваме понатаму.

Три минути реплика за пратеникот Ангелка Пеева-Лауренчиќ.

**Ангелка Пеева-Лауренчиќ:** Благодарам потпретседателе .

Воопшто и не е важно дали некој има пратеничка група или нема пратеничка група, за мене е поважно тој што зборува во ова Собрание, без оглед на останатите формалности. Јас сум сосема свесна дека приказната, согледувањето на госпоѓа Поповска пред јавноста изгледа многу прифатливо, тоа граѓаните сакаат да го слушнат, тоа е нешто што секој кој што има некакви очекувања ќе гледа спас токму во ваквите настапи и од тие поединци во политиката ќе очекува помош, за што и ќе ги награди можеби на следните избори. Но бидејќи не сум граѓанин кој што е неук во политиката, можам да проценам и кога некој не ја познава материјата за која што говори. Зборувајќи за систем на социјални права во Република Македонија, а пред тоа зборува по закон кој произведува право од работен однос, зборувајќи во еден момент дека го поддржува законот, но во следен дека би го поддржале доколку има амандман истиот закон, и сето тоа во една убава обланда за да можат граѓаните да имаат чувство дека ете некој се бори за нивните права во Собранието на Република Македонија. За жал, јас сум малку поискрен човек, затоа што сакам своето пратеничко достоинство да го имам

и подоцна и да кажам доколку овој закон го прифатиме ваков каков што е понуден, ние во Македонија на 55 години старост ќе имаме само технолошки вишоци односно пензионери се додека на некој не му текне да ја намали границата и да предложи закон да се оди во пензија и на 40 години, а тоа Македонија не може да го издржи.

Госпоѓа Поповска беше заменик министер во една влада и доколку имаше навистина вакви размислувања, имаше шанси и да ги реализира, затоа што е многу полесно да ги давате предлозите додека сте во позиција, отколку кога ќе имате одговорност да ги мерите парите и да го правите системот согласно на можностите. Во спротивно, стопанството ќе го донесеме на колена и џабе ќе ни биде повикувањето на бизнис-клима, на пазарни вредности и т.н. Ние ќе бидеме само држава на луѓе кои чекаат државата да им даде за да можат да живеат.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Лилјана Поповска.

Повелете госпоѓо Поповска.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине потпретседател, почитувани колеги пратеници,

Јас сум била заменик министер за развој и сум ја напуштила таа функција кога не сум можела да реализирам одредени заложби. Јас бев потпретседател на Собранието и дозволив да бидам сменета затоа што не сметав дека било која функција вреди да работам нешто што ќе биде спротивно со моите убедувања.

Инаку, јас многу добро разликувам што се права од работен однос и што значи социјална заштита, но јас токму затоа велам, кога не може некоја влада да ги реши проблемите преку економски развој, тогаш мора да решава макар и преку вакви парцијални закони за да се намали и да се згасне пожарот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Чедомир Краљевски.

Повелете господине Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам потпретседателе.

Мојата реплика е во функција на едно дообјаснување на она што го спомна колешката Лилјана.

Имено, се работи за состанокот на координаторите на пратеничките групи со Здружението на граѓани кои се залагаат за донесување на законот за правото на паричен надоместок во случај на невработеност. На тој состанок точно дека беше присутна и колешката Лилјана Поповска, сега слушам а и тогаш знаев дека е како претставник на нејзината партија, меѓутоа точно е дека овој закон го поднесе пред ова Собрание пратеничката група на ВМРО-Народна партија. Точно е дека пратеничката група на ВМРО-Народна партија во интерес на таа категорија на граѓани која е засегната со овој закон, нема право на ексклузивитет на начелото на солидарност и би рекол, на правото на сите пратеници да партиципираат во донесувањето на овој закон и од тие причини, јак како претставник на пратеничката група на ВМРО-Народна партија на тој состанок прифатив останатите пратенички групи да предложат соодветен амандман вклучително и Владата ако има сопствено мислење, односно сопствен амандман, да го корегираме ние како подносители на овој закон тој закон, да го прифатиме тој амандман, и овој закон да биде заеднички плод на сите пратенички групи, односно целово ова Собрание. Меѓутоа, секако дека тоа не може да се очекува во бесконечност. Јас тогаш ги условив соговорниците и од едната и од другата страна дека чекањето ќе биде до моментот кога оваа точка ќе дојде на дневен ред пред ова Собрание. Со оглед на тоа што сега до овој момент, односно до доаѓањето на оваа точка на дневен ред пред ова Собрание немаме ниту мислење на Владата, ниту соодветен амандман би рекол од парламентарното мнозинство кое ја поддржува Владата, ниту пак од другите пратенички групи, односно учесници на тој состанок со Здружението на граѓани, ние го туркаме тој закон во онаква форма каква што ја поднесовме и ќе го застапуваме се до неговото донесување, односно изгласување од ова Собрание. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Реплика за пратеникот Благородна Мингова-Крепиева.

Повелете госпоѓо Мингова-Крепиева.

**Благородна Мингова-Крепиева:** Благодарам.

Јас се приклучувам кон се она што го кажа мојата колешка Пеева и ќе продолжам со уште неколку констатанции.

Сакам да укажам дека структурата на Буџетот е онаква какви што закони ние носиме и тој Буџет, за жал, околку 70% е социјален Буџет, односно имаме социјални трансфери, па навистина е многу тешко со таква структура на Буџет да обезбедиме, колешке, развоен Буџет, односно подобрување на бизнис-климата.

Инаку, за информација, да не биде залажана јавноста, Буџетот од 2002 година наваму во однос на буџетите од 1998 до 2002 година фактички е намален во однос на бруто-општествениот производ, имаме процентуално намалување, што значи дека не е точно дека се зголемил. Каде настанало зголемувањето, повторно ќе треба да се дефинира, многу општо кажано.

Втората работа на која сакам да укажам е дека сите се повикуваме на предлогот, кој го доставија до пратеничките групи Здружението на работниците со над 25 години работен стаж и нерегулиран статус во Република Македонија. Тие имаа два предлога. Еден предлог со кој се бараше категоријата на лица со над 25 години стаж да добиваат некаков паричен надоместок и предлагаа невработени на кои им престанал работниот однос поради стечај на

претпријатијата, потоа заради ФЕСАЛ аранжманот, загубарите и т.н. и предлагаа 40% од просечно исплатената плата. Но воедно тие предлагаа и дополнување, да се измени стапката за вработување од 1,6% на придонесите, четири, што веднаш укажува дека оној што се залага за вакво решение, а сака да ја задржи и да ја подобри бизнис-климата, тогаш ќе треба да предложи и зголемување на даноците и тогаш ќе треба да каже како можеме да останеме во ваквата структура на Буџетот, а воедно да не ги нарушиме односите од развојната компонента. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Лилјана Поповска.

Повелете госпоѓо Поповска.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господин потпретседател.

Почитувани колеги пратеници, последниот Буџет не го поддржав токму затоа што сметав дека не е направен според вистински приоритети, туку е направен по некоја инерција и со мали измени препишан од претходните години.

Инаку, колешката спомна дека околу 70% од Буџетот се социјални трансфери, меѓутоа од Извештајот на Светската банка и Државниот завод за статистика основната причина за зголемената сиромаштија во овој период се должи на две работи: Прво, на лошо таргетирање и лошо менаџирање на социјалните трансфери и лошо водење социјална политика и, второ, на лоша економска политика, така што тоа само го потврдува моето тврдење. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Поповска.

Три минути реплика за госпоѓата Лилјана Ивановска.

Повелете госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам потпретседателе.

Колешке Поповска, кога влегов во ова Собрание, си ветив дека нема да злоупотребувам ничии чувства а на вас ќе ви кажам дека за еден пратеник најлесно е да влезе во Собранието и врз еден политички говор со благопријатен глас да предизвика внимание, па врз основа на таквите популистички настапи да го гради својот рејтинг. За било кој политичар мислам дека ова е прескапа цена, затоа што градејќи го рејтингот на тој начин и доаѓајќи на власт потоа морате да постапувате разумно и рационално. А кога постапување разумно и рационално, тогаш чувствата ги одмерувате и создавање приоритети.

Вие бевте заменик министер во една една влада во која што знаете дека секоја влада поставува приоритети во својата политика. Вие знаете за структурата на Буџетот, за што пошироко зборуваше мојата колешка Благородна, структурата на Буџетот и структурата на Буџетот и како поранешен заменик министер знаете таа структура каква била и нестручни се тврдењата дека е дуплиран Буџетот. Впрочем, вие рековте дека не сте гласале за овој Буџет, а вие гласавте како потпретседател на Собранието за сите Буџети во тој период. Значи, вашиот став го градите според вашата позиција, а тоа е несериозно за еден политичар. Ваквите настапи, според моето длабоко убедување, се нарекуваат злоупотреба на чувства и тоа злоупотреба на чувства на сиромашните, злоупотреба на чувствата кои ги нашла несреќата на оваа транзиција.

Тврдите дека нема социјален систем, тоа е крајно несериозно и политичар во опозиција да тврди така, како што тврди вашиот колега Груевски од ВМРО-ДПМНЕ кој што за 4 години одвај три пати дошол во Собранието. Секој пратеник овде е потребен, затоа што ние сме парламентарна демократија и правиме штета на Република Македонија кога изјавите ги даваме надвор и доаѓаме со обезбедување во Собранието. Сепак, Собранието не е - на Република Македонија и правиме штета на тој начин, затоа што Собранието има обезбедување, а тие што се движат со обезбедување треба да се запрашаат за својата личност. Таквите популисти од ваш тип и од типот на господинот Груевски навистина и прават штета пред се на Република Македонија. Лесно е на тој начин да се дојде на власт, меѓутоа, злоупотребувајќи ги луѓето сепак сметам дека е најнеодговорен политичар кој што скапо ќе ја плати цената кога би дошол на власт, евентуално кога би дошол на власт. Сепак, не треба да ги потцениме граѓаните на Република Македонија, тие имаат интуитивно чувство и сепак се зрели, во овие 15 години да видат кој во Република Македонија и мисли добро на државата, и кој мисли добро на граѓаните и на развојот на стопанството. Впрочем за темата за која што зборувавме не можеме врз основа на такви прашања да го градиме и стопанството, како што зборуваа и моите претходници за развојот на стопанството. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Лилјана Поповска.

Повелете госпоѓо Поповска.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседател.

Почитувани колеги пратеници,

Почитувана колешке Ивановска, вие зборувате за развој на стопанството, меѓутоа, тешко на тоа стопанство кога парите наменети за стопанството одат по разни бачила и по разни други дупки, или во цигари, шлепери кои поминуваат преку граница без да се наплати она што треба да се наплати. Значи, ако некој зборува за злоупотреба на чувства, тоа јас секако не сум. Јас ги кажувам работите онакви какви што ги гледам и онакви какви што јас ги сфаќам. Се обидувам да говорам во интерес на народот и на државата. Ако е тоа

популизам, тогаш ви благодарам за комплиментот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Имам реплика од три минути.

Сосема накратко да разјасниме некои работи.

Мојата реплика е за три работи.

Еден ваков сличен или скоро ист закон постоеше до крајот на 1998 година. Укинат е на почетокот на 1999 година, госпоѓа Поповска седевте во Владата на ВМРО-ДПМНЕ кога сите други ваши колеги беа во опозиција. Не знам кои се причините што тогаш од укинувањето на тој закон уште година точно сте седеле во таа Влада, а не сте се побуниле зошто тогаш тој закон е укинат.

Втората работа е, јас прифаќам, во една прилика реков дека е многу тешко да се зборува рационално за закони во предизборен период, во предизборна година кога изборите се можеби на прагот.

Го спомнавте прагот на сиромаштијата дека е се понизок и дека Буџетот е прилично голем и се троши, според вас, нецелисходно. За да се зборува за една тема, треба темата да се познава, да се сочувствува со таа тема, а не можете да сочувствувате ако сте десет светлосни години далеку од таа тема. Ќе ви кажам за што се работи.

Госпоѓо Поповска директно ќе ве прашам, ако го знаете прагот на сиромаштијата, а рековте дека има прилично богати, во која категорија спаѓате, со оглед на тоа што ние доволно се познаваме, директно, долги години и вашето семејство и пошироко и потесно живее директно од тој Буџет. Според примањата кои ги имате во вашето семејство, покрај професионалните ангажирања, дали имате и дополнителни приходи од фирми на кои сте основач и дали тој праг на сиромаштија го имате преценето колку е поголем во вашето семејство.

Затоа сакам да реагирам, немојте да си играме со чувствата. Не е добро во овој период.

Уште еднаш ќе повторам, не може поинаку да се однесуваме надвор од овој Парламент, а овде да ги злоупотребуваме тие чувства и да се правиме дека сме онакви како што говориме. Ви благодарам.

Повелете госпоѓо Поповска една минута контра реплика.

**Лилјана Поповска:** Господине потпретседателе, јас сметам дека не треба да бидам сиромашна за да се борам за сиромашните.

На вашето прашање директно ќе одговорам, јас имам семеен бизнис 13 години и не сум била прозивана ни кога сум била во опозиција на Владата на СДСМ ни на Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, сега наоѓам да ме прозиваат моите бивши сопартијци. Интересно, во Македонија е срамота да имаш дуќан, а не е срамота да украдеш фабрика, да ја распустиш и луѓето да ги фрлиш на улица. Ете, тоа е игра со чувствата.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Продолжуваме понатаму со расправата.

Има збор пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Ќе ми дозволите една мала дигресија, навистина сум бил во право што ја прашав Владата на последната сесија на пратенички прашања кој е позиција кој опозиција, знам за овие луѓе околу мене од ВМРО Народна партија, сите останати веќе ме збунуваат. Ако сега има доверба на Влада, Владо Бучковски падна, изгледа сите ќе изгласаме едногласно недоверба. Но, нејсе, не сакам да се шегувам на оваа тема и господинот Краљевски и господинот Караџоски се обидоа во своите дискусии да укажат на еден многу едноставен факт. Во ВМРО Народна партија сме свесни дека ова не е најумното решение, дека ние со ова ќе решиме некаков проблем, еднаш за секогаш даден, но во ВМРО Народна партија и нејзината пратеничка група дадоа време на сите оние пратенички групи или воопшто на пратеници кои би сакале активно да партиципираат при изготвувањето на овој закон тоа да го направат. Видете, ние од Владата немаме добиено ниту мислење по ова прашање. Секој оној кој како пратеник сакал да им укаже на пратениците од ВМРО Народна партија дека нешто е погрешно или нешто може да се подобри или дека ова воопшто не треба да дојде на дневен ред имаше доволно време тоа да го направи.

Јас би сакал, без да бидам сватен злонамерно, но сакам да ве потсетам на неколку кампањи кои уште на почетокот од овој парламентарен состав, дури и она трилатерално друштво кое ја претставува Владата функционираше релативно монолитно. Сетете се со каква кампања во Собранието на Република Македонија се донесе таканаречениот Бранков закон. Сетете се какви реперкусии имаше, сетете се со какви реперкусии помина земјишната кампања кога се делеше обработливото државно земјиште, сетете се кога зборувавме за Изборниот законик дека 900.000 евра ќе бидат поделени на практично 4 партии во Република Македонија, сетете се дека сега има побарување за оштета од 2.200.000 евра за говеда од Земјоделска задруга "Сингелич", сетете се на 750.000 евра од Бачило, а ние зборуваме за развој на подобрување на деловната атмосфера. Ако сме доволно искрени кога некој зборува дека во изборна година, иако колку што знам изборите се уште не се распишани, а точно е дека е изборна годината, зборуваме за популизам. Зошто никој не се чувствува погоден да проговори дека таа деловна атмосфера без оглед какви закони ќе се направат, никогаш нема да профункционира затоа што во земјата финансиската олигархија олицетворена во Фершпед кој ја зема цела северо-источна Македонија по пат на денационализација.

**Слободан Најдовски** Ве молам господине Трендафилов, зборувајте за законот.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Беше спомнато дека овој закон ќе прати лоша порака кон потенцијалните

инвеститори. Па полоша порака од Фершпед, полоша порака од Свето Јаневски, полоша порака од Комерцијална Банка и Хари Костов, па дали има почитувани дами и господа членови на Македонскиот Парламент, па затоа моето обраќање го почнав со зборовите и господинот Караџоски и господинот Краљевски се обидоа да укажат дека како пратеници имавме доволно време да се подготвиме. Ние не тврдиме дека е ова апсолутната вистина олицетворена во Предлог текстот од ВМРО Народна партија, но можевте да седнете со нас и да ни укажете дека ова може да биде и подобро направено.

Јас жалам особено од редовте на ЛДП оваа точка ја искористивте меѓусебно да се пресметувате, а сите заедно заборават и оние кои станаа опозиција и оние кои останувaат во позиција дека вие заедно зборувавте во хор едногласно за Бранковиот закон, ние ви укажувавме на деловната атмосфера како ќе се одрази на Буџетот.

Кога беше кампањата за поделба на обработливо земјиште гледаме што се случи со тоа, но овде некој се однесува како да Македонскиот народ да има помнење како што имаат рибите, не подолго од три секунди. Сте се излажале. Затоа ако нешто навистина сакате квалитетно да ни помогнете како на пратеници, без оглед дали зборувате за почитување на човековите права, за социјалниот карактер на македонската држава или за подобрување на законскиот текст, направете го тоа, немојте да ни го губите времето една ваква точка која мислевме дека релативно брзо ќе ја завршиме како онаа претходната, да ја користите да се пресметувате меѓу себе.

Трет пат ќе спомнам и ќе завршам. И господинот Караџоски и господинот Краљевски максимално добронамерно се обидоа пред сите нас да ве повикаат да учествувате активно затоа што кога Владата не сака да соработува иако е избрана од Парламентот, без оглед што мислите за одлуки за некаков Уставен суд. Република Македонија е се уште парламентарна демократија. Кога Република Македонија ќе стане претседателски систем ќе се однесувате така, но покажете малку волја, ако не повеќе почутувани колеги, па изборна година е треба да се рекалмирате и во сопствените редови. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Трендафилов.

Има реплика госпоѓа Лилјана Ивановска, повелете три минути.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам потпретседателе, почитуван колега Трендафилов навистина ќе ви признам дека сте многу вешт говорник и во вашите говори секогаш сте можеле се да кажете, но ништо да не кажете за тоа што е точка на дневен ред и законот кој ви е го предлагате и да образложите и да ги убедите граѓаните што е тоа што вие предлагате. Дали е тоа популизам, дали е сеење магла или што е.

Спомнавте како на шега дека во Парламентото не се знае кој е позиција, кој е опозиција и ако сега се гласа интерпелација на Владата дека Владата ќе падне. Се знае во Парламентот кој е позиција кој е опозиција, тука многу се лажете, и дека на пратенички прашања се измешало се. Не е точно. Во времето на вашата Влада на ВРМО-ДПМНЕ тогаш не постоеа седници на пратенички прашања, значи парламентарната демократија многу се развила во Република Македонија затоа што секој последен четврток има пратенички прашања на кои одговараме.Покрај на шега тоа е во делот на вашата вештина во говорење, меѓутоа, резултатите не доаѓаат од зборување и говорење, резултатите доаѓаат од работење и посветување на тоа што го работите и кога предлагате некој текст на закон и кога предлагате некој амандман кој некои пратеници не сакаат да се потрудат овде во Парламентот да работат, господинот Груевски излегува надвор да се слика наместо да дојде овде во Собранието како пратеник, а не како месија да работи во Собранието и да им каже на граѓаните што конкретно мисли. Најлесно е популистички да настапувате така како што вие настапивте. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика за пратеникот Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Вашите реплики почитувана колешке Ивановска секогаш ме поттикнуваат, јас не знам дали билобил се добива без лекарски рецепт, бидејќи не го користам, но во нашата пратеничка група секако има луѓе кои би ви помогнале.

Да ве потсетам, од 1998 до 2002 година институтот пратенички прашања беше максимално користен во Собранието на Република Македонија, не ретко беше злоупотребуван, но тоа е смислата на парламентарната демократија. Ако за вас не е популизам кога делевте обработливо земјиште и кога го фалевте Бранковиот закон, тогаш зошто не дозволувате и ова да биде малку популизам, почитувана госпоѓа Ивановска, јас навистина ве почитувам, но во иднина нема да ви реплицирам затоа што едноставно не ве сваќам, а верувам и вие не сваќате што сакате да ми реплицирате.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Трендафилов.

На кого ќе му реплицирате? Не, не, да се договориме господине Флоровски немате добиено збор, ве молам седнете си.

(Од место господинот Флоровски бара реплика затоа што е спомната годината 1998-2002).

Пријавени сте за збор.

Момент господине Стојаноски, бидејќи ќе работиме до 18,00 часот, дали ќе завршите до тогаш?

Повелете.

Има збор пратеникот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Сакам малку да позборувам околу овој закон кој предвидува повеќе пари за лица кои останале без работа како технолошки вишок, а бил непоповолен за нив, според мислењето на мнозинството. Поповолен бил постоечкиот закон кој предвидува помалку пари, меѓутоа, бил пообјективен.

Јас би се прашал што е причината што намената на овие пари кои треба да се дадат на оние кои се најсиромашни во оваа држава, кои објективно се соочуваат со борба за гола егзистенција се наменуваат за потреби кои значат зачувување на курсот на денарот, кои значат зголемување на девизните резерви, ко значат други намени од кои директно фајде имаат само банките во Република Македонија кои преку каматите од над 10% единствено што прават го одземаат профитот на фирмите кои ги користат нивните кредитни линии.

Затоа сметам дека ова што се предлага сега не е популизам, туку се работи за остварување на уставното начело на зачувување на социјалната сигурност на секој граѓанин на Република Македонија. Зошто? Уште еднаш ќе кажам затоа што ние немаме никаква можност фирмите во Република Македонија да ги подржиме преку директна финансиска помош со ниски каматни стапки и преку тоа да им се овозможи зачувување прво на постоечките работни места односно оневозможување на процесот на прогласување на технолошки вишок заради економската неактивност или немањето на економска активност во Република Македонија и на тој начин во Република Македонија да се почне во насока на намалување на, како што велите вие, давачките од Буџетот кои се наменети за лица кои се прогласуваат за технолошки вишок.

Тоа би требало да биде првиот чекор. Економската ситуација во која се наоѓа Република Македонија е директна последица на економската политика која ја водеше Владата сите овие години. Она што претставува главна последица, пред се на приватизацијата, се лицата кои останаа без работа по основ на стечај и по основ на прогласување на технолошки вишок.

За да ви биде појасно што значи јас се потрудив да направам една математика во однос на тоа за што се работи со овој предлог. Во 1993 година се донесе Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и до 1998 година најголем број од фирмите во Република Македонија или отидоа под стечај или прогласија голем дел од нивните вработени за технолошки вишок, а менаџерските тимови го презедоа управувањето со претпријатијата.

За да биде појасно, ние предлагаме сите оние кои имаат над 25 години работен стаж, а кои биле прогласени за технолошки вишок да имаат право на користење на паричниот надоместок до остварување на право на пензија или до повторно вработување.

Ако некој граѓанин на Република Македонија останал без работа на пример во 1996 година како технолошки вишок и под претпоставка тој граѓанин на Република Македонија да се вработил со неговото полнолетство значи на 18 години, тоа значи дека во 1996 година тој човек имал 18 плус 25 еднакво 43 години, толку морал да има заради стажот кој го имал претходно. 43 години од 1996 до 2006 година во која се наоѓаме сега тоа значи уште 10 години плус, значи истиот тој човек сега има 53 години, нема можност да работи, 10 години не можел да обезбеди работно место, работа, плата и сега ние велиме ние како држава не сме подготвени да му помогнеме на тој човек затоа што нема пари во Буџетот. Јас ќе ве потсетам дека постоеше едно решение до пред само две години каде лицата со наполнети 55 годишна возраст можеа да користат ваков паричен надомест до пензија. Потоа пред неполна година или година наназад се измени тој закон и од 55 години овој Парламент односно парламентарното монозинство, Владата донесе измени на тој закон со кој рече дека со 59 годишна возраст ќе може да се остварува правото до стекнување на услови за пензија.

За што се работи? Почитувани колеги се работи за четири или шест години временски период во кој треба еден граѓанин на Република Македонија кој, не по своја вина, останал без работа во периодот на приватизацијата во Република Македонија да обезбеди гола егзистенција. Вие велите дека немало доволно пари во Буџетот или дека сме требале да кажема колку пари требало за тие луѓе. Треба толку пари колку им треба на нивните деца млеко, колку што им треба леб, облека, можност за образование, можност за здравствени услуги и сето она што претставува основа за обезбедување на една минимална егзистенција за секој граѓанин на една нормална демократска држава.

Меѓутоа, ова беше укинато пред неколку дена. Јас ќе ве потсетам дека сегашниот закон оневозможува над 59 години да се користи до остварување на право на пензија или до повторно вработување правото на паричен надомест. Сега, оној кој има над 25 годин стаж може да го користи правото на паричен надомест само 12 месеци.

Тоа е сегашното решение што пред неколку дена беше изгласано од овој Парламент, а остана без дискусија. Никој не спомна дека тоа значи скратување и на оние минимални права што ги имале овие граѓани до тогаш, затоа што не се работи за голем износ. Да ве потсетам, паричниот надоместок изнесува 40%, ако сум добро информирам, од просечната плата во Република Македонија.

Не се работи со големи средства, меѓутоа, тоа се многу значајни средства за семејствата што се соочуваат со невработени лица, со деца кои треба да бидат одгледувани, воспитувани, хранети, облечени, образовани, на кои треба да им се овозможи здравствена заштита итн.

Сакам да ве потсетам дека, кога се покачуваа цените, кога се покачуваше ДДВ-то од 5 на 18%, а со тоа директно се изврши удар врз цената на лековите, врз цената на детергентите, врз цените

во јавниот превоз, потоа кога се покачи цената на струјата, наводно заради усогласување со Законот за ДДВ, покрај тоа кога се зголемија цените на многу други производи во овој период наназад, никој овде ни од страна на оние кои ги носеа тие одлуки за покачување на тие цени, не кажаа дека со покачувањето на цените ќе се покачи за ист толкав процент надоместокот што го примаат лицата, а што е директно гарант за нивната социјална сигурност или обезбедување на нивната гола егзистенција.

Факт е дека за овие лица или за лицата кои се наоѓаат на работ, не можам да кажам сиромаштијата, од обезбедувањето на таа гола егзистенција, не постои однос освен во периодот кога треба да се оди на избори, кога треба да се гласа и кога треба да се обезбедува политичка поддршка од нив и тогаш им се ветуваат нови вработувања, им се вели ако гласаат и трчаат за одредени политички партии ќе добијат вработување, а прашањето каде, никој не може да го одговори.

Затоа сметам дека во Република Македонија треба еднаш да се застане или да се стави точка на тој популизам. Тоа е популизам. Затоа, да се направат конкретни чекори што ќе значат реална поддршка на зголемување или обезбедување на социјалната сигурност што, согласно Уставот, должна е секоја Влада на Република Македонија да ја обезбеди на сопствените граѓани.

Заради јавноста, морам да прочитам кои се лице сега можат да добијат паричен надомест, затоа што сум свесен дека голем дел од овие лица сеуште ги немаат видено овие решенија:

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, усвоен пред неколку дена, во членот 71, паричниот надоместок на невработеното лице се исплатува:

- еден месец ако има лицето стаж на осигурување најмалку девет месеци во непрекинато траење или 12 месеци со прекин во последните 18 месеци,

- два месеци се дава на невработеното лице паричен надоместок ако има стаж на осигурување над 18 месеци до 2,5 години,

- три месеци се дава на невработеното лице паричен надоместок ако има стаж на осигурување над 2,5 години  до 5 години,

- четири месеци се дава на невработеното лице паричен надоместок ако има стаж на осигурување над 5 години  до 7,5 години,

- пет месеци се дава на невработеното лице паричен надоместок ако има стаж на осигурување над 7,5 години  до 10 години,

- шест месеци се дава на невработеното лице паричен надоместок ако има стаж на осигурување над 10 години  до 12,5 години,

- седум месеци се дава на невработеното лице паричен надоместок ако има стаж на осигурување над 12,5 години  до 15 години,

- осум месеци се дава на невработеното лице паричен надоместок ако има стаж на осигурување над 15 години  до 17,5 години,

- девет месеци се дава на невработеното лице паричен надоместок ако има стаж на осигурување над 17,5 години  до 20 години,

- десет месеци се дава на невработеното лице паричен надоместок ако има стаж на осигурување над 20 години  до 22,5 години и

- единаесет месеци се дава на невработеното лице паричен надоместок ако има стаж на осигурување над 22,5 години  до 25 години.

А, замислете на сите оние кои имаат стаж над 25 години, државата им обезбедува 12 месеци да користат социјален надоместок, односно надоместок во случај на привремена невработеност, како штосе нарекува согласно овој закон.

Затоа, нашиот предлог што значеше и кој што гласи:

"На навработеното лице кое има над 25 години стаж на осигурување, паричен надоместок му се исплаќа до неговото вработување, односно до настапувањето на некои од основите за престанок на правото на паричен надоместок". Што значи пензија или некој друг основ, во случај на смрт итн. итн.

Поради тоа, она што беше изгласано претходно, а се однесуваше на лицата кои се останати без работа поради стечај, кои останале без работа без нивна вина поради неликвидност на фирмите во кои работеле и лицата кои останале без работа од фирми кои не отишле во стечај, меѓу тоа за да не отидат во стечај биле принудени да испуштат одреден број на работници заради трошоците, намалување на трошоците по основ на плати и тоа да им даде можност да земат нов залет во нивната деловна активност, јас сметамдека нема никаква разлика. Исто, како за оние кои отишле, односно кои останале без работа поради стечај и оние кои останале без работа поради технолошки и структурални промени на тие фирми и тие треба да земат надоместок до нивното повторно вработување или до остварување на услови за пензија.

Затоа ќе ве повикам, ова што го бара ВМРО Народна партија да го прифатите, затоа што ова не е популизам, ова е можност за продолжување на животот на сите оние на кои им е повеќе од потребен овој надоместок оваа парична помош. Благодарам.

**Слободан Најдовски:**Благодарам господине Стојаноски.

Овде ќе привршуваме. Часот е 18,00.

(Реакција од пратеник кој бара реплика).

Ќе реплицирате кога ќе биде продолжението.

Овде ја прекинувам седницата.

Дополнително ќе бидете известени за продолжението на седницата.

Утре имаме нова седница.

Благодарам.
(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)